СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 1994 година

Скопје, мај 1994 година

**V-то ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 18.V.1994 г.**

Д.р.-Расправа по З.за попис на населението, дом.стан..за 1994г (донесен законот)

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 1...
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 3, 4, 16, 17
3. АБДИ ФАИК - 55, 56, 114
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 110
5. БОШКОВ ЈОРДАН - 117
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 61
7. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 58
8. КИРОВ ТАШКО - 54
9. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 49, 51, 52
10. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 42 ,72
11. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 39, 41, 114
12. МАНЕВ ЕФТИМ - 65, 67, 111
13. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 52
14. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 14, 18, 21, 22, 24, 25, 104
15. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 116
16. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 7, 86, 88, 90, 99, 101, 102 ,109
17. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 46, 108.
18. НАУМОВСКИ СЛАВЕ - 115
19. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 111
20. ПЕТРОВ ТОДОР - 35, 98, 103
21. ПОПОВСКИ ЛУПЧО - 6, 116
22. ПРЕВАЛА ШАБАН - 34, 68, 77, 78, 92, 97, 98
23. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 95
24. СИЛЈАНОВСКА ГОРДАНА (министер на Влада)- 11,12,13,14,16, 18,20,21,23, 24,25,26,27,28,34,35,39,41,78,79,85,88,92,94,95,96 97,98,99,102,103,104,105.
25. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 4, 7, 8, 10, 42, 87, 88, 91, 100, 101, 106
26. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 10, 58, 70, 106, 118
27. СПИРОВСКИ ИГОР - 30, 72, 81 ( прозива)
28. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 46
29. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 119
30. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 2, 10, 109

-- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 1994 година

Седницата започна со работа во 14,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Симеон Наумовски, Александар Гештаковски и Јордан Бошков ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата. Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да продолжиме со претресот по амандманите на член г 30 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Владимир Митевски, ве известува дека во меѓувреме пратеникот Владимир Голубовски поднесе амандман на член 3 став 1,2 и 3, пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику поднесоа амандмани на член 4 став 1 точка 2, член 4 став 1 точка 2, член 4 став 1 точка 7, член 4 став7 точка 9 за менување на алинеја 3, член 4 став 1 точка 9 алинеја 4, член б, член 11 став 1, член 12 став 1 алинеја 11, член 12 став 1 алинеја 13, член 19 став 1 за додавање на нова алинеја 1, член 12 став 4, член 24 став 1, член 24 став 3, алинеите 1,2 и 4, член 25 став 2, член 33 став 1 и 2, член 38 став 1 и на член 54 став 1 алинеја 1, а пратеникот Томислав Стојанов ски поднесе амандман на член 30 за бришење на ставот 5 по кој Владата не се произнесе. Исто така и пратеникот Ташко Киров во меѓувреме поднесе амандман на член

36 став 3 по кој Владата не се произнела. Исто така н пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику во меѓувреме поднесоа амандмани на член 6 за додавање нов став 3-а по кој Владата не се произнела.

Пред да продолжиме со расправата го молам господинот Халили кој бараше пауза од два дена да каже дали се исполнети условите и што направија по таа пауза. Тоа е обичај кој секој е должен да си каже после барањето на паузата.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници.

Ние консултациите ги направивме, пратеничката група на ПДП има став дека пратеничката група е заинтересирана за еден сеопфатен и објективен попис на населението под контрола на меѓународните фактори и по техничка нивна подготовка и во овој домен мислиме дека техничката помош од експертите на Советот на Европа сметаме дека фактички сме заинтересирани за еден сеопфатен објективен попис и одредени субјекти во Републиката не се во можност тоа да го реализираат и затоа тоа ќе биде во нивна надлежност и одговорност, со оглед на фактот дека од денеска имаме приговори од разни страни каде во одредувањето на критериумите за запазеноста на претставниците на националностите на општинските комисии не е запазено тоа што веќе се пред лага во Предлогот на законот. Меѓутоа, секој ќе си носи своја политичка и друга одговорност. Да повторам, пратеничката група на ПДП е ориентирана и ќе се залага за еден сеопфатен и објективен попис на населението во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, попис во Република Македонија ќе се изврши доследно на законот кој треба да го донесеме, а тој закон може да биде

I/3.-

донесен само во ова Собрание по постапка која во Собранието е уредена со прописите по кои работи Собранието, Уставот и Деловникот на Собранието.

Да одиме понатаму.

Пред да продолжиме со претресот по амандманот на член 30 став 2 и 3, предлагам да се договориме денеска да работиме до гласањето за законот. Ако се донесе и ако го изгласаме добро. Ако не се донесе со гласањето пак е добро.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, не сакам да го блокирам Собранието и не сум во состојба да го блокирам, меѓутоа, сакам за еден факт да пот- сетам, да нагласам дека ова Собрание ми се чини дека досега не ја исполни целта за која беше избрано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е расправата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас ќе кажам што имам да кажам, јас сум овој закон некако да се усогласи, меѓутоа, имам една друга забелешка која е деловничка, а тоа е забелешката за тоа колку Собранието троши и колку ги измачува луѓето со нередовното држење на седниците. Има и една друга работа која е уште пожешка. Убаво ние си се смееме, а ќе ги прашам пратениците кои идат повеќе од 30 км. како тие се чувствуваат кога ќе дојдат ,во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа можете и надвор од говорницата да ги прашање луѓето.

I/4.-

**МИТКО АТАНАСОВСКИ:**

Можеме да ги прашаме и надвор од Собранието, но сакам тука да ги прашам луѓето кои се дојдени од сабајле од 8 часот и кои чекаат до 14,30 часот да почне седницата. И уште едно прашање господине претседателе, ќе ве молам отсега натаму иако скоро азбуката ја завршува- ме, резултатите се слаби и дали сите ќе положиме, јас не знам, да престанат опструкциите во Парламентот, јавно го нагласувам и да продолжат седниците редовно.' Да знаете дека пред лицето на овој народ го имаме изгубено скоро сите за она што сме дојдени тука и ќе ве молам да не се задржувате на работи кои не се потребни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И јас ве молам.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 30 став 2 и 3 поднесен од пратеникот

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, за мене амандманот на господинот Владимир Митевски, пратеник на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, односно коалиционен партнер на Партијата на албанското малцинство ПДП е неприфатлив од следните причини.

Прво и основно за мене воопшто не се прифатливи ни ставовите 2, 3, 4 и 5 по членот 30 на овој закон затоа што воведуваат политика во стручно - технолошкиот аспект на пописот, наследена политика по оној етнички клуч.

Второ амандманот со кој се бара бришење на зборовите "според пописот од 1991 година", завршен цитат за основа за етнички клуч во овој случај значат негирање и непризнавање на резултатите од пописот

извршен во 1991 година. Зачудувачко размислување на пратеник, член на Социјалдемократскиот сојуз, или пак тоа е мислење на целата партија, ќе ни одговори се надевам координаторот на пратеничката група од оваа партија.

Трета причина за неприфатливост на овој амандман е и вториот негов став кој гласи: "Во ставот 3 бројот 20% се заменува со бројот 3%". Односно цензусот за право на попишувач од соодветната националност да се намали од 20% на 3%. Што значи ова залагање на пратеникот Митевски избран пратеник од Куманово. Би ставил вака под а) континуитет на политиката на СКМ ПДП од времето на Петар Гошев до додворување на партијата на албанското малцинство ПДП со делење комплименти дека таа е граѓанска со социјалдемократска опција, односно лева партија. И навистина лева партија со сопствена паравојска и параполиција. Тие комплименти доведоа до тогашната и сегашната коалиција меѓу Социјалдемократскиот сојуз, односно тогаш СКМ ПДП и ПТП, доказ амандманот на господинот Митевски. Под б) би рекол,:амандманот за мене е прифатлив затоа што често пати господинот Митевски сам си го зел правото да се залага за правата на српската националност во Република Македонија затоа што во неговата изборна единица живеат и Срби со домицилно македонско државјанство, односно една од причини- те за поднесување на еден од овие амандмани е и тоа дека и Србите претставуваат 3%, под 3% или над 3% итн. Во овој случај токму една група македонски државјани Срби по националност се јавија до мојата скромна личност негирајќи дека господинот Митевски и господинот Арсовски во овој случај кој е од Социјалистичката партија и кој го поддржа амандманот се заштитници на нивните интереси со зборивтие, цитирам: "Ние како Срби сакаме пописот да биде на официјалниот јазик на Република Македонија и неговото писмо". Значи пописот да се изврши на македонски јазик и кирилско

писмо и велат не ни смета попишувачот да биде Влав или Македонец или Србин или Бугарин. Вакво слично размислување изнесоа и некои мои пријатели а кои се Власи по националност.

Вториот став на овој амандман кај мене предизвикува сомнеж дека македонските чувства, србофили, бугарофили, гркофили што се присутни за среќа во еден минорен број, но и пишувањето на вакви амандмани и пишувањето од страна да речеме на писателот Јован Павловски во "Пулс" и нему сличните од една страна, или пак Миле Неделковски во "Дело" и нему сличните од друга страна или оној Димитар Белевски што пишува за софиската Македонија како орган на бугарското ВМРО СНД, несомнено докажува дека токму ова време кое да се биде или да не се биде за македонската држава или македонската нација тие грабливки, тука верувам дека сигурно некоја грабливка се јави, не се истребени, ги има се уште. Сите тие се пијани, халуцинираат пиејќи сок од простата, сите како лејќи ѕунат без ѕун во иста тиква. Дали Србите, Власите, Ромите, Албанците ќе бидат посреќни или понационално определени ако имаат попишувачи од својата националност, или ќе се попишуваат на својот јазик. Ве уверувам дека не. Тие луѓе ќе си останат исто така и понатаму сиромашни или богати со исти пријатели и со исти грижи. И во иднина албанчињата ќе продаваат шверцувани цигари,. ќе шверцуваат дрога, а нивните пратеници ќе се возат во мерцедеси; со заштита на македонската полиција, а затвор колку сакаш за младите албанчиња.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас би сакал ако ми дозволите само една кратка реакција на излагањето на претходниот говорник.

Прво, мислам дека ставовите на Социјалдемократскиот сојуз околу донесувањето ан законот за попис се доста јасни и во неколку наврати преку секојдневно информирање се изразени. Прво мислам дека за предлогот што е даден од господинот Владимир Митевски Социјалдемократскиот сојуз не стои, туку стои зад Владата како предлог за донесување на закон.

Второ, мислам само пред неколку дена господинот претходник во дискусијата истакна дека пожелно е во рамките на една пратеничка група да има одредени автономни мислења за одредени прашања, а сега тоа го порекнува.

Трето, ние почитуваме одредено индивидуално мислење на еден пратеник, меѓутоа во конкретниот случај зад ваквото мислење не стои Социјалдемократскиот сојуз и впрочем, нашиот став ќе биде из- разен преку гласањето за тој конкретен амандман.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас го прифаќам објаснувањето од координаторот на пратеничката група, јас стојам се уште дека и во една пратеничка група може да се биде и фракција, односно тоа е една демократска придобив- ка што западните држави го применуваат во своето партиско живеење. Меѓутоа јас за тоа можам и да ви се извинам ако сакате, господинот Митевски се уште не се претстави дека е овде фракција. Од денеска ќе сметам дека вие го претставивте, дека господинот Митевски е фракција во Социјалдемократскиот сојуз. Јас овде јавно се претставив дека ја прифаќам национално демократската фракција на ВМРО-ДПМНЕ. Во овој слут чај имате и вие фракција.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници прво за мене ова е неочекувано од господинот Стојков што навистина необично го ценам и како пратеник

I/8.-

кој со свои правни гледишта од многу аспекти допринел да се расчистат многу работи, меѓутоа, навистина ме чуди тој поуздано знае дека јас од почетокот на својата пратеничка кариера секогаш сум ги претставувал оние што ме избрале. Никогаш за мене партиската припадност не претставувала никаква обврска ниту по еден закон. Секогаш сум се произнесувал онака како што бараат и мислат оние што ги претставувам, во конкретниот случај граѓаните од српска националност. И навистина необично ме чуди, морам а го променам мислењето за него, заради тоа што пред извесно време кога зборувавме по изборните закони дури предложи, веројатно во иронија дека ете јас би можел да ги претставувам Србите во Македонија. Можеме да погледаме во стенограм, значи тоа било едно дволично однесување од негова страна и навистина му благодарам. Инаку уште еднаш ќе ви кажам уште кога беше расправата по предлогот за донесување на закон уште тогаш ги кажав мислењата и барањата на избирачкото тело што ги претставувам. И тогаш кажав дека Србите во Македонија или во мојата изборна единица во општина Куманово ги имаат тие и тие забелешки. И тие забелешки се преточени во овој амандман. Според тоа, често пати се случувало и порано кога се донесувале закони дека многу пати гласам и на страна на ВМРО. Често пати се случувало да гласам и на страна на ПДП. Меѓутоа, никој со моја слобода како пратеник не може да располага. Најмалку СДС. Сигурно ако тие мислат дека сум фракција, тие нека си мислат, јас припаѓам на левиот блок како пратеник, а дали сум нивен член или не тие нека се произнесат, меѓутоа, слободата на моето размислување е тоа, исклучиво обврска према оние што ме избрале^и ги пренесов тие мислења, да- ли некој е задоволен или не, мене не ме интересира.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Неспорно е дека господинот Митевски се залагал во континуитет на ора Собрание за правата на Србите и дури на Србите кои живеат на

целата српска националност во Македонија. Дури за некои работи сме гласале заеднички. Тоа е во ред. Меѓутоа, реакцијата е токму од вашата изборна единица, односно луѓе што ги познавам таму, знаете познавам доста луѓе од таму, меѓутоа и Срби кои живеат во Скопје исто така, велејќи им дека не може еден пратеник да се претставува како наш претставник и да не става во иста позиција дека ние сме во иста состојба со Албанците. Во тоа е состојбата. Во овој случај вашиот амандман го поддржуваат само пратениците од албанска националност кои се членови на партијата ПДП и единствено господинот Бранко Арсовски. Реакцијата на тие луѓе што се обратија до мене е во тој однос. Зошто господинот Митевски кој го цениме велат често пати се залага за нашите права, а во овој случај не изедначува со Албанците, односно нашите интереси и интересите на Албанците во Република Македонија дека се исти. Инаку да ви кажам дека вие спомнавте тука дека има стенограм. Меѓутоа не го кажавте како беше. Малку инсинуации нема потреба. Јас не сакам понатаму да навлегувам со вас, исто така јас ве ценам многу и ќе продолжам да ве ценам, меѓутоа тоа е состојбата. Тие луѓе се јавија кај мене. Ви кажувам најискрено.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (Продолжение)

Секогаш треба редарот во ова Собрание да се почитува. Тој е одговорен за редот.

Затоа велам, најискрено еве ќе ви дадам еден совет- повлечете го амандманот. Не се ставајте во иста состојба со некои други пратеници..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немате така право да зборувате. Процедурално бара господинот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господине претседтеле, со Уставот е забрането да се проширува национална омраза и клевета тука. Ве молам како претседавач, немој да дозволите на оваа говорница да се проширува национална омраза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека амандманот поднесен од господинот Владимир Митевски, не треба да се прифати, едногласно да биде одбиен од основната причина, секое сомневање во пописот од 1991 година зборува дека во оваа држава има се, има многу националности, а нема македонци. Оттука, поаѓајќи од таквата констатација што единствено може да се оцени како исправна во овој момент и за овој амандман ценам дека пописот од 1991 година е легален и ја изразува вистинската состојба со населението во Република Македонија. Оттука

сметам едногласно да го одбиеме овој амандман бидејќи на одреден начин значи негација на македонците во нивната сопствена држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (20 пратеници)

Дали е некој против? (55 пратеници)

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 точка 2, поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гордана Силјановска.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман од причина што се работи за европски стандард и секаде се попишува одвоено категоријата на лица кои имаат официјално легално место на живеење во странство, во земјата на попис да имаат одобрение и да се привремено присутни најмалку една година со оглед на тоа дека овие лица спаѓаат во една од категориите кои влегуваат во вкупно население на земјата. Во спротивно,ако нема рок, тогаш во вкупното население би влегле по стандардот лицата што имаат одобрен престој и под една година, што е спротивно.

Не го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници)

Дали е некој против? (57 пратеници)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 4 став 1 точка 2, поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 точка 7 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Гордана Силјановска.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа и овој амандман. Решението, Законот е сосема меѓународна пракса, усогласена, бидејќи со пописот на членовите на домаќинството како што е и во целиот свет на лицата што се во Република Македонија имаат одобрен престој се попишуваат само доколку се во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Дали е некој против? (54 пратеници)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

II/4

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 точка 7, поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 точка 9 за менување на алинеја 3 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гордана Силјановска.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман од причините што ги изнесов по однос на претходниот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Дали е некој против? (57 пратеници)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 точка 9, за менување на алинеја 3 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 точка 9 алинеја 4, поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гордана Силјановска.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

II/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници) ,

Дали е некој против? (55 пратеници)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 точка 9 алинеја 4 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гордана Силјановска.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман затоа што е убедена дека изјаснувањето за национална припадност и вероисповест се приватна работа на секој човек и тој може, но не мора да се изјасни по тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Муртезани бара збор

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, мојот амандман,односно образложението од страна на овластениот претставник на Владата, по однос на мојот амандман не е точен, поради

тоа што мојот амандман е поднесен во врска со членот 6, и сум барал да се додаде нов став, после ставот 3-а кој гласи: "За лица државјани на Република Македонија се прибираат и следните податоци. Дали лицето има имот во странство, и во која држава се наоѓа имотот, вид на имотот во странство, земјиште, згради, подвижен имот, дали лицето има имотни побарувања во странство, на која држава се поднесува имотното побарување и дали е потребно ангажирање н& нашата држава за остварување на имотните побарувања. Едно кратко образложение. Видете по распадот на бившите ЈУ републики многумина граѓани кои спечалиле и работеле во бившите ЈУ републики и автономни покраини, нивниот статус им се измени. Меѓутоа, имаме и други граѓани државјани на Република Македонија, кои се истерани од нивните огништа а тие се: дали од Грчка, дали од другите кои не го решиле барањето. Јас сметам дека ако овој амандман не би се при- фатил, ќе направиме голема грешка по однос на тие граѓани, државата нема да води сметка за тие граѓани. Значи ќе ги делиме граѓаните, а сега во овој момент на граѓани од прв ред и втор ред. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа образложение што го поднесе господинот Авди Муртезани е последниот амандман на кој ќе дојдеме. Ова не се однесува на тој амандман.

По овој амандман дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Дали е некој против? (57 пратеници)

Дали има воздржани? (Не)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 3-а поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гордана Силјановска.

**ГОРДАНА СИЈТЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман, затоа што пописот е чиста статистичка операција и евиденција, а Република Македонија на друг начин има увид, преку Министерството за урбанизам и градежништво и Министерството за финансии во имотот на граѓаните на РМ во странство. Значи, со други правни инструменти ќе го обезбеди ова а не со пописот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавме по ова прашање и образложението на господин» Муртезани.

Збор побара господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа овој амандман има големо значење за нашите кои се дојдени од делот на Македонија. Меѓутоа, јас не знам, сакам да го прашам претставникот на Владата дали нашата Влада има склучено договори за имотно - правни односи, не само со Грција, знам со Грција немате, дали има со други некои држави склучено договори за имотно-правни односи.

Второ, директно јас, моето семејство имаме барања во друга држава. Освен Грција имам барања од Турска. Моите стари во времето

живееле во Цариград и таму имаме не многу, многу имот, но сепак имаме имот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, немојте со лични исповести овде. Повелете за амандманот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Има врска, има врска, затоа што ако нашата Влада;, претходната Влада од таа стара Југославија што не постои немаше имотно правни односи со Турција. Дали нашата Влада, тоа ми е прашањето, дали нашата Влада има склучено некои такви договори и барања.

Затоа има место овој амандман. Има место и тоа големо место.

Што се однесува сега до нашите луѓе што се дојдени, избркани од своите земји од делот на Беломорието, јас директно го прифаќам амандманот, меѓутоа не прифаќам една работа некој да сака да ни го продаде имањето и да ја изгубиме земјата. Значи, амандманот има дволичен карактер за нас од тој дел на Македонија. Меѓутоа, општо земено амандманот држи место и тоа многу место држи

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници)

Дали е некој против? (46 пратеници)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 6 за додавање нов став 3-а поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гордана Силјановска.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Образложението е дека организацијата и реализацијата односно спроведувањето на пописот се неделиви и дека Републичкиот завод за статистика е државен орган со најголемо искуство во оваа работа што е строго стручна. Значи, не можеме да ги издвоиме овие две операции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Муртезани бара збор.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Целта на овој амандман е со единствена намера за оваа многу важна проблематика и заради успехот на извршувањето на попи- сот сметам дека треба одговорноста да ја преземе Владата, затоа што во сите разговори, договори и со експертската група и со другите фактори надворешни таа учествувала. Ако истата не биде подготвена оваа операција успешно да ја реализира и спроведе и технички спроведе, тогаш фактички со предложениот текст во Предлогот на законот таа сака да ја избегне одговорноста и да ја префрли на органот што, не дека е помалку битен, туку има и такви надлежности. Лесно е да отстраниш еден човек од функција и да ги префрлиш одговорностите врз него, односно на една институција а не на Владата.

Само поради сакам да се уважи предлогот.

Дали уште некој бара збор? (Никој не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници)

Дали е некој против? (49 пратеници)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику

**СТОЈАН АНДОВ:**

19 пратеници гласаа за.

Кој е против молам да крене рака?

49 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1 поднесен од пратеникот Авди Муртезани и Ферик Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 алинеја 11 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферик Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман, а образложението е дека мислењето на Републичкиот завод за статистика е неопходно за да се обезбеди стручната компонента во Републичката пописна комисија

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор ? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Кој е против да крене рака?

51 пратеник се против.

Дали некој се воздржува? (Никој)

III/2.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 1 алинеја 11 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферик Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 алинеја 13 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифати и овој амандман. Образложението е дека Републичките инструктори имаат исклучиво стручни функции во пописот и тие се по правило од вработените во Републичкиот завод за статистика, поради што и нема потреба од мислење на друго тело.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор господинот Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Овој амандман го поднесов со единствена цел да не може Републичкиот завод аз статистика, да ја злоупотреби својата положба во однос на назначување на републички инструктори и за што сметам дека треба да се добие претходно мислење од Републичката пописна комисија, заради тоа што и Републичката пописна комисија се знае зошто се формира од друга страна прашувам ако инструкторите би биле исклучиво вработените во овој Завод за статистика, прашувам како ќе се пополни листата за застапување на националностите кој ги нема во оваа организација.

III/3.-

Дали уште некој бара збор? (Не)

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Кој е против , молам да крене рака?

49 пратеници се против.

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 1 алинеја 13 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 4. Овде нешто не е во ред. Дајте ми го амандманот Ве молам да го видам (секретарот му го дава амандманот да го види).

Предлагачот на амандманот молам, да појасни дали е тоа амандман на член 12 или на член 22 став 4.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Господине претседателе ако се работи за амандманот 9 на член 19 став 1 алинеја 1.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, туку за амандман 10.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Амандманот 10 на член 12 став 4, зборовите "каде се кажува за бројот на членовите, во тоа е амандманот".

III/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи прво одиме на амандман 9, а потоа на тој што го прочитав.

Отворам претрес на амандманот на член 19 став 1 за додавање на нова алинеја 1 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа, причината е дека контролата е исклучиво стручна работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака.

16 пратеници гласаа за.

Дали има некој против, молам да крене рака.

48 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува, молам да крене рака (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 став 1 за додавање на нова алинеја 1 поднесени од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

III/5. -

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 4 под- несен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Молам претставникот да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Даци уште некој бара збор.

Има збор господинот Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Овој амандман го предложив имајќи го предвид мешовитиот состав на населението што живее на нашите простори. Сметам дека наместо предложената бројка 5 треба да стои најмалку 8 членови од припадниците на националностите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Кој е против молам, да крене рака?

48 пратеници гласаа против?

Дали има воздржани - нема.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 22 став 4 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садриу.

III/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа и овој амандман. Инаку амандманот бара зголемување на бројот на членовите во општинските пописни комисии со убедување дека и овој број ќе ги оствари функциите запишани во овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Јас во мојот амандман сум предложил општинските пописни комисии да се состојат од 5-17 членови, а во предлогот е 9-15. Каде е разликата на објаснувањето на членот на Владата дека ќе се зголеми бројот и со оваа бројка дека можат да се извршат поставените задачи. За една општина до 50 илјади жители се потребни 9 члена, а за општина од 50 до 100 илјади жители 11 члена. Значи бројката се зголемува само за двајца. Од 100 до 150 жители во општина комисијата изнесува 13 членови, а општини со над 150 илјади жители со 15 члена. Јас во мојот предлог сум отишол со тоа што предлогот е за општини до 50 илјади жители, Комисијата да се состои од 8 члена, со тоа што во општините со над 150 илјади жители комисијата да изнесува 17 члена. Тоа значи и линеарно зголемува по ист број на членови и така сметам дека ќе може поуспешно да се извршат задачите поставени во законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

III/7.-

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Кој е против молам, да крене рака?

48 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува - 1 се воздржува.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 1 поднесен од пратениците Авди Муртезани Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 3 алинеја 1,2 и 4 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман од истите причини. Само да објаснам. За да не се доведеме во ситуација дека сме некооперативни. Овој број е веќе ревидиран на седница на Владата, беше помал и се зголеми. Секое друго зголемување би довело до нерационалност и трошење поголеми средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

III/8.-

Дали е некој против, молам да крене рака?

53 пратеници се против.

Дали некој се воздржува - не.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 3 алинеја 1, 2 и 4 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа амандманот, а образложението е слично и сметаме дека бројот на републичките инструктори е доволен за да се извршат работите од членот 25 и дека не е целисходно да ги зголемиме трошоците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Дали е некој против, молам да крене рака?

51 пратеник гласаа против.

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 став 2 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за бришење на ставот 5 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа амандманот, а образложението е дека ставот 5 од членот 30 обезбедува попишување на начинот утврден во членот 35.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бдеејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

3 пратеници гласаа за.

Дали е некој против, молам да крене рака? 47 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање-4 пратеника.

Вкупно во салата гласале 54 пратеници по овој амандман. Некој не гласал. Молам прво да го утврдиме точниот број на присутните пратеници во салата (се врши пребројување) . Во салата се вкупно присутни 71 пратеник.

Ова е многу значаен закон, секоја и мала не намерна неправилност може после да биде толкувана на илјада можни начини, затоа бидејќи 54 пратеници гласале вкупно, а минимум за работа на Собранието мора да

гласаат 61 пратеник. Јас барам поединечно гласање (во салата реакции за овој предлог).

Молам тоа мене ми припаѓа да побарам поединечно гласање.

(Од повеќе пратеници во салата од место се бараше повторно гласање).

Не можам да го повторувам гласањето. Тоа не се повторува. Не е предвидено повторување на гласање. Ве молам за внимание.

Молам, секретарот да почне со прозивка со поединечно изјаснување на секој пратеник.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | - против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | - против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | - против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | - не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - не е тука |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - не е тука |
| 20. ДРАГИ ЃРОЗДАНОВСКИ | - за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | - не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - за |
| 27. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ | - не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | - против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - против |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - против |

IV/2.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - против |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - против |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - за |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | - не е тука |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - за |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | - за |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | - за |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - за |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - против |
| 47. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | - за |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - не е тука |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - за |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - за |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | - за |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - против |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - за |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - не е тука |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | - против |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | - против |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - против |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - за |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - против |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - воздржан |
| 63. ВДИ МУРТЕЗАНИ | - воздржан |

IV/3.-

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | - против |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | - против |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - против |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | - не е тука |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | - против |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - против |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - против |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - против |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | - за |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - против |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - против |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | - против |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - против |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | - против |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | - против |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - не е тука |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | - против |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | - против |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | - против |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | - против |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - против |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | - не е тука |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | - против |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - за |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - против |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - за |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - не е тука |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - против |

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - за |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | - за |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | - за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | - против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | - не е тука |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | - не е тука |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | - за |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | - против |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | - за |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | - не е тука |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | - не е тука |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | - не е тука |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | - против |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | - против |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | - против |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | - не е тука |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | - против |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | - против |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | - против |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам повикајте ги пратениците сега да влезат во салата.

Седумдесет и девет пратеници гласаа. Од тоа 24 за, 51 против и 4 воздржани. Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 30 за бришење на ставот 5, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по Амандманот на член 33 став 1, поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Бидејќи Владата на РМ поднесе амандман на овој член го молам пратеникот Шабан Превала да се произнесе дали останува на својот амандман?

IV/5.-

Почитуван претседателе, ова повеќе треба да се сфати како една техничка исправка за дел од амандманот. А вториот дел се однесува за роковите со беа предвидени тука за пријавување на меѓународните организации и уреди, околу следењето на нашиот попис.

Тогаш кога го пишував овој амандман беше 4 или 5 мај и сега доста се изменија околностите. Ако се усвои овој закон до 20 овој месец, 'значи до задутре, да кажеме , јас би предложил едниот рок да биде 25.05. , а вториот рок да биде 31.05. Меѓутоа, јас би сакал тука да бидам флексибилен и би го оставил тоа Владата со свој амандман на крајот нека се одлучи и да оцени кога ќе го донесеме или пред да го донесеме законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи го повлекувате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33, став 1 и 2 , поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Сиљановска.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Јас се извинувам, поправете ме, но мислам дека ова е усогласено со амандманот на Владата и дека се прифаќа овој амандман, а морам да кажам во однос на претходниот амандман првиот дел од амандманот на господинот Превала го прифаќаме, што се однесува на исправката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали овој амандман го прифаќате?

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Да.

IV/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

И овој амандман на член 33, став 1 и 2, го прифаќаме. Отворам претрес по амандманот на член 34, став 1 и за додавање на нов став 2 , поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот за нов став 2, а не го -прифаќа зборот "не", во ставот 1 да се брише, бидејќи трошоците за лицата од член 32 и член 33 се надвор од оние трошоци што се утврдени во членот 50.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам предлагачот на амандманот, дали го повлекува овој амандман? (го повлекува).

Отворам претрес по амандманот за бришење на Глава VII и за бришење на член 35 , поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предлогот на амандманот е да се брише членот 35 и Глава VII Употреба на јазиците во пописот, што ќе се сведе на прифаќање или примена директно на членот 7 став 1 од Уставот, според која Попишувањето на населението се врши на македонски јазик и неговото кирилско писмо. Зошто сметам дека членот 35 е во спротивност со

ставот, односно членот 7, став 1 од Уставот на РМ н зошто е во спротивност со пози- тивната законска регулатива? Вака како што е предложена формулацијата на членот 35 налага попишување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо со право на попишувачот да ги информира лицата кои се попишуваат дека имаат право да се попишат и на јазикот на националноста на која лицето и припаѓа, како што е наведено во Предлогот на законот. Член 35, став 1, албански, турски, влашки, ромски или српски јазик.

Образложението го наведувам од следните причини.

Во Македонија на целата државна територија и во државната администрација службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Ваквата формулација на членот 35 отскокнува од првобитното решение што Владата го предлагаше во Предлогот за донесување на законот во првата фаза, кој што го разгледуваше ова Собрание и е преседан кој што воведува повеќејазичност во државната администрација на целата територија на РМ. Пописните обрасци не можат да се пополнуваат на јазиците на етничките заедници во државата, односно националностите, бидејќи граѓаните на Македонија не располагаат со соодветна матична евиденција, како. што е дадено правото во ставот 3 на членот 35 Името, презимето и местото на живеење, општината и адресата на живеење, покрај на јазикот на националностите да бидат напишани) и на македонски јазик, користејќи кирилско писмо. Сегашната законска регулатива во поглед на матичната евиденција не го обезбедува тоа право што го предлага Владата во членот 35 и на тој начин попишувачите во документацијата што е потребна за реализирање на пописот, а што е наведено во членот 38, не може да констатираат дека податоците што ќе ги дадат лицата што се попишувани ќе одговараат на вистинските состојби , во врска со името,

презимето, местото, општината и адресата на живеење, бидејќи тие податоци на јазиците на националностите не се внесени во документацијата која што се бара во членот 38.

Мене само единствено не ми е позната причината на пермотацијата и трансформацијата на ставовите на Владата, па во таа смисла отфрлајќи го членот 35, барајќи истиот да се брише заедно со глава VII, ќе прочитам еден дел од Предлогот за донесување за изменување и дополнување на законот за личното име, со Предлог на закон, кој еднаш ова Собрание го имаше во јануари 1992 година, чиј претставник, исто така, беше г-динот Фрчковски, кој сега е претставник по овој закон по пописот и ја брани формулацијата на членот 35. Цитирам: "Туѓите имиња и имињата на националностите во матичните книги се запишуваат со кирилско писмо и тоа онака како што се изговараат. Притоа одредени гласовни особености на другите јазици се прилагодуваат колку што е можно кон македонскиот јазик, т.е. гласовите што ги нема во македонскиот јазик се запишуваат со слични гласови". Ваквиот начин на пишување на личните имиња е предвиден и во правопибот на македонскиот литературен јазик. Матичната книга на родените е основна евиденција за личната состојба на граѓаните, врз основа на која се устројуваат сите други евиденции. Со запишувањето на раѓањето на едно лице во матичната книга на родените, тоа лице добива извод од матичната книга на родените и врз основа на него се запишува во целата друга потребна документација, здравствена, школска, воена евиденција, катастар, добива лична карта, патна исправа итн. Тоа значи дека ова лице во сите јавни исправи ќе треба да биде запишано со личното име, кое е запишано во матичната книга на родени. Не ми е

IV/9.-

лично јасно како попишувачите ќе извршат контрола на податоци кои што попишуваните лица ќе ги внесуваат во пописните обрасци кога за тоа не располагаат со соодветна документација, која што го регулирала и уредила и запишувањето на податоците за личното име од матичната евиденција, која во моментот според позитивната законска регулатива не се води и на јазиците на националностите, кои што живеат во Македонија. Имено и тогаш истиот претставник на Владата на слични такви амандмани во поглед на предлозите од Пратеничката ПДП-НДП дека не би требало да се прифатат и доколку се прифати за сите туѓи имиња , тогаш ќе треба да ги познаваат сите матичари останатите странски јазици, бидејќи годишно во РМ се склучуваат околу 100-тина бракови во кои едниот или обата брачни другари се странци, Кинез, Монголец, Ирец, Јорданец, Грк итн. Во контекстот на реченото исто така е неприфатливо и било какво дополнување на тогашниот член 2 кој би предвидувал за пишување на личното име во матичните книги и на јазикот и писмото на припадникот на националноста. Од овие причини сметам дека претставникот на Владата нема никакво оправдување за сегашната формулација на членот 35, која за мене лично отскокнува од предлогот за донесување на закон, заради тоа што предвидува попишување на сите граѓани на целата територија на нивните мајчини јазици, освен службениот македонски јазик и неговото кирилско писмо. Од овие причини не наоѓам оправдување и за оваа формулација на членот 35 Глава VII и предлагам истиот да се брише, односно директно да се примени одредбата на членот 7 став 1 од Уставот на Република Македонија, според кој и оваа статистичка операција, попишувањето на целата територија на сите граѓани ќе се врши на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

IV/10.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Еве кое е Владиното објаснување.

Прво, добрата статистичка пракса, барем така велат експертите, доаѓа до точни податоци, доколку попишуваните се из- јаснат за нив на својот јазик. Владата мисли дека формуларите не се јавни исправи, дека формуларите се технички инструменти. Впрочем, доколку се јавни исправи тие и податоците во нив не би биле тајни и не би се поништувале до следниот попис, како што беше веќе овде кажано, а стравот дека може да дојде до менување на топонимите или дека имињата и презимињата нема да бидат напишани онака како што се водат во евиденцијата, ми се чини дека отпаѓа, зашто во членот 35 ставот 3 вели дека "во делот на обрасците во кое се врши попишувањето на еден од јазиците на националностите, името, презимето, името на местото, општината и адресата на живеење и називите на населените места и државите, треба да бидат пополнети и на официјален македонски јазик, користејќи го кирилското писмо, согласно документите во членот 38.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Сигурно не би излегол да го коментирам, но последното излагање на претставникот на Владата ми даде можност , точно тоа што го прочита е спротивно на тоа што мислеле. Бидејќи јасно тука во став 3, што го прочита претставникот , можам јас уште еднаш, во делот на обрасците во кои се врши попишување на еден од јазиците на националностите,

IV/11.-

името, презимето, името на местото, општината и адресата на живеење и називот на населените места и државите, треба да бидат пополнети и на официјалниот јазик. Тоа е конјункција во математичката логика.

V/1.- ДВ/ЉР

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:** (продолжение)

Едното и другото мора да важи. Или штом е веќе тука влегувате точно во тезата каде што томонинот на соодветниот град ќе го пишуваме и на кирилица, но може, фактички ако сакаме сега да воведеме нешто ново, промена на томонимот на некој град, сигурно ќе дојдеме до спротивен ефект. Секој граѓанин ќе си има право. Тука апсолутно не се согласувам, тоа е катастрофално, ако се прифати така став 3 во членот 35.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандинот и џамаданот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (25)

Дали има некој против? (51)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за бришење на глава VII и за бришење на член 35 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 55 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА;**

Владата не го прифаќа амандманот од истите причини како во однос на претходниот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Кирил Ковачевски.

V/2.-

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, кога го изгласавме Уставот се зарадувавме. Значи, почнавме да градиме правна држава. Но, не било така. Се уште го одржуваме континуитетот на идеолошко - политичката држава, а тоа е поткрепено со одредбата на членот 35. Дека е тоа така ќе ви кажам подоцна. Но, затоа ние за дГ1аизмениме таа одредба на членот 35 го дадовме овој амандман кој гласи: "Попишувањето се врши на Македонски јазик и неговото кирилично писмо".

Пописот на населението домаќинствата, становите и земјоделските стопанства е од интерес и во исклучива надлежност на РМ. Затоа тој може да е врши само на македонски јазик како службен во РМ, како унитарна држава со гарантирани граѓански права и слободи Тоа е поткрепено, ако го земеме Уставот на РМ каде во преамбулата е кажано следното:"Република Македонија е национална држава на македонскиот народ".

Понатаму во членот 7 став 1 имаме кажано дека службен јазик во РМ е македонскиот јазик и кириличното писмо.

Понатаму во членот 48 став 1 се вели: "Припадниците на националностите имаат право да го изразуваат'/ негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености".

Јасно произлегува дека пописот треба се врши само на Македонски јазик со кирилично писмо а не уште на 5 јазици, вкупно 6, како што се предлага со одредбата на членот 35 од Предлогот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, основата на овој амандман е во тоа што предлагаме членот 35 односно неговиот текст, така како што е

предложен од предлагачот, Владата на РМ да биде изменет затоа што во својот прв став, за попишување покрај официјалниот македонски јазик се предвидува, она што Владата го предложила како предлагач пописот да се врши и на јазикот на националностите односно таму ги реди: албански, турски, влашки, ромски и српски. Оттука ние предлагаме, согласно како што претходниот кажа, преамбулата во Уставот каде што, јас ќе цитирам за да нема недоразбирање вели: "тргнувајќи од историското културно духовно и државно наследство на Македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање своја држава, а посебно државно- правните традиции на Крушевската Република и историските одлуки на АСНОМ и Уставно правниот континуитет на Македонската држава како Суверена Република во СФРЈ, а од слободно изразената волја на граѓаните на РМ на Референдумот од 8 септември 1991 година, како и од Историскиот акт дека Македонија е конституирана како Национална држава на Македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со албанците, турците, власите, ромите и другите националности кои живеат во Република Македонија".

Исто така, и од членот 7 од неговиот прв став во кој стои: "во Република Македонија службен јазик е Македонскиот јазик и неговото кирилично писмо".

Во ставот 2 пак вели "во единиците на локалната самоуправа во кој како мнозинство живеат припадници на националностите во службена употреба покрај македонскиот јазик и кирилското писмо се јазикот и писмото на националностите , на начин утврден со закон

Таков закон се уште немаме. Тоа е првата напомена.

Во третиот став вели: "во единиците на локалната само- управа во кои значителен број итн."

Оттука ние бевме свесни дека по еден амандман поднесен од група пратеници на ПДП, г-динот Фрчковски добро што е присутен тука, како еден од творците на Уставот на РМ кажа дека Македонија е унитарна држава, што потполно се согласив со него, излегов и тој став на Владата го поддржав. Меѓутоа, ако е Македонија унитарна држава произлегува дека согласно и членот 7 неговиот прв став затоа што пописот како статистичка операција, во овој случај и политичка, претставува работа на државата. Секаде пописот е работа на државата. Оттука произлегува дека на единствен јазик на кој треба да се спроведе е службениот јазик, тоа е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Затоа ние со овој амандман предлагаме попишувањето да се врши на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Прашалниците и помошните обрасци,член 10 за попишување се печатат на Македонски јазик и неговото кирилско писмо. Тука е она што, како континуитет е овој амандман од претходно неприфатените наши амандмани кој вели: "за попишување на припадници на националностите на соодветен јазик, кога ќе го изберат" Значи тоа право и ние како предлагачи не им го негираме, меѓутоа се грижи попишувачот со помош или асистенција на преведувачот. Значи вие не ни прифати: те да има преведувач, како едно искуство што тогаш го напоменав од Австралија и други држави итн.

Додека пак во последниот став велиме: "добиените податоци од припадникот на националноста се запишуваат во пописните обрасци на македонски јазик и неговото кирилско писмо".

V/5.-

Вака како што е предложено во ставот 3 од предлагачот Владата на Република Македонија, Македонскиот јазик како официјален јазик на оваа држава и неговото кирилско писмо се ставени во втора позиција затоа што вели:"треба да бидат пополнети и на официјален Македонски јазик” користејќи кирилско писмо согласно одредбите од член 38. Значи предимство, согласно овој член 35 предложен вака од Владата му се дава на јазикот на националностите.

Дали во една држава која е унитарна пред се може ова да се дозволи. Да се потсетиме. При донесувањето на овој Устав најповеќе копјата се кршеа околу тој член 7. Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, независните пратеници кои тогаш беа 3 бевме изричити дека овој член може да биде само со еден став. Меѓутоа вие убедува; не во нешто спротивно ни објаснувавте дека само во единиците на локалната самоуправа ќе може покрај македонскиот јазик како официјален да биде во употреба и јазикот на националностите. Со овие два става што ги прочитав. Оттука произлегува една нелогичност за мене, затоа што би требало, јас минатиот пат поставив прашаше, се надевам дека ќе ми одговорат. Во која Европска држава има едни вакви одредби пописот да се врши и на јазиците на малцинствата кои таму живеат, а знаеме дека во повеќето европски државно има малцинства, признаени и непризнаени итн. меѓутоа има малцинства. Овде ни се носат експерти по демографија како еден сегмент од статистиката кои не подучуваат во примената на уставните решенија од нашиот унитарен Устав. Оттука за мене поцелисходно ќе беше и група новинари да прашаат наши стручњаци по уставно право, а ги имаме доста, а не да се обврзуваме само по уставното право стручњак да биде еден или двајца кои се сега во Владата како луѓе, кои беа главни креатори на Уставот.

Сакам да поставам прашање се надевам претставниците на Владата ќе ми одговорат. Во која европска држава се врши на повеќе јазици, па еве и во Австралија ако го знаете примерот да ни го потенцирате бидејќи честопати господата од ПДП ја злоупотребуваат кај што се вели мултиетничка ја изедначуваат со мултинационална, што се два различити поима.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, многупати од оваа говорница се експлоатираат одлуките и решенијата донесени во Манастирот Св"Отец Прохор Пчински" на Илинден 2 Август 1944 година. Таа иста година на2Август е донесено решение на АСНОМ од НОВ на Македонија , на заведување на македонскиот јазик во службен јазик на Макевонската држава.

Член 1, во Македонската држава како службен јазик- се заведува Народниот македонски јазик.

Член 2, ова решение влегува веднаш во сила.

Секретар Љубомир Д. Арсов. Претседател Методи Антонов Ченто.

Мое лично мислење е дека ова решение и со новиот Устав не е поништено. Според тоа не знам јас како доаѓа сега во однос на овој наметнат попис да се вметнат уште 5 нови јазици.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, излегов да укажам некои работи што овој Устав Владата заборавила да ги застапи уште неколку јазици од Европа. Сметам дека и тие ќе бидат навредени што не се застапени како што се застапени 6-те Европски јазици. Дајте да ги застапиме сите Европски јазици затоа што во РМ нема

Европска држава, а која нема свој жител овде. Дури се појавија и до Кинеско потекло и тие велат зошто да не бидеме попишувани и на наш кирилски јазик. И тие имаат исто право како и овие што се зафатени со овој закон.

Нашиот Устав вели дека Службениот јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Ако некаде во Европа има таков Устав, тоа е нивна внатрешна работа, а овде треба тоа да биде наша внатрешна работа. Можат на нас да ни кажуваат на стручниот и на други работи, но не можат да ни речат н а нас така направете го пописот, а во нивната земја како што сакаат тие така си го прават, на нивниот јазик на нив како што им одговара. Јас не знам кој е тој што ни наредува само нас, на РМ да прифати толку работи. Зошто не и се нареди на некоја друга Европска земја како што е Грција, Стара држава член на НАТО, член на ЕЗ. Зошто на неа не и речат признај ги македонците. Зошто не и речата на Бугарија. признајте ги македонците зошто не и речат на Албанија - признај ги Македонците и на ред други држави . Зошто не речат во Србија да се признаат, зошто не речат во другите земји. Значи Владата не е заинтересирана за таа работа. Таа е заинтересирана да ги задоволи со овие работи, да ја сочува главата под капата.

Кога тоа во велам, го велам до следните причини: како не најде начин Владата, само за ова е заинтересирана, за пописот, а еве ја Австралиската влада го менува таму и името и знамето, а таа не најде начин да даде соопштение. Се уште ние сме македонска држава овде, се уште знамето се вее и додека се вее ние треба како македонци да го браниме. Каде е таа Влада, каде е претседателот на Републиката да даде протест до Австралиската влада да рече дека е тоа наша работа не можете вие да ни определувате име и како ќе се викаме ние,како што ние

V/8.-

не и рековме на Австралија да ги признае сите нации што се таму. Како може само кај нас да се мешаат. Во формирањето на Влада ЕЗ. се меша. 50% е дадена Владата на Албанското малцинство. Дали Европа треба да се меша само во нашите внатрешни работи, не само за формирање на влада туку и испраќање амбасадори во други земји.

Затоа сметам дека пописот на нашата Република треба да се изврши како што е решено во Уставот на официјалниот македонски јазик и неговото кирилско писмо. Се друго решение значи продавање н. македонската нација.

VI/1.-СДГ/МЛ

**РОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, поднесениот амандман од страна на пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го прифаќам и имам едно кратко образложение, па би било добро да се сослушаме, конструктивно.

Овде некои од моите колеги истакнаа дека не се согласуваат со членот 35 и заради тоа го доставија овој амандман. Тука во алинеја 3 и 4 има едно мало недоразбирање. Госпоѓа министерка (се обраќа на министерската Гордана Силјановска) само во прилог на она што може да ја расветли ситуацијата. Во членот 35 алинеја 3 морам да цитирам, "во делот на обрасците во кои се врши попишување на еден од јазиците на националностите, името, презимето името на местото на општината и адресата на живеење и називот на населените места и државите, треба да бидат пополнети" ова е изрично "и на официјален македонски јазик, користејќи кирилично писмо, согласно документите од членот 38". Меѓутоа, веднаш по оваа алинеја е алинеја 4 која не коинцидира со претходната алинеја и е сосема спротивно. Пописните обрасци од член 10 за попишување на еден од јазиците на националностите ќе бидат отпечатени двојазично, на официјален македонски јазик користејќи кирилично писмо и на еден од јазиците од националностите. Мислам дека овде нешто не е во ред. Овие две алинеи имаат една дисхармонија која треба да ја усогласиме. Токму заради тоа јас го прифаќам амандманот од страна на нашите пратеници, меѓутоа, сакам да истакнам едно друго сознание.

Во општата расправа по Предлог законот за попис на населението поопширно дискутирав и не сакам повторно да се враќам, меѓутоа, сепак сакам да укажам дека воведувањето на пет јазици на кои ќе се

спроведува пописот значи еден преседан кој може да не одведе во една друга крајност. Морам да истакнам, дека корпусот на човековите права на малцинствата во една земја, политичкиот дел не треба да се меша со делот во законот каде треба да се врши пописот во Република Македонија. Сакам да кажам дека попи- сот е една работа, меѓутоа, политичкиот дел корпусот на човековите права на малцинствата е друга работа. Да не правиме спојување вештачко на нешто кое не може да се спојува апсолутно, по никоја линија. Ние денеска на таа тема со почитуваниот господин Хауг разговаравме и навистина имаме доста заеднички ставови по тоа прашање.

Исто така не е случајно, затоа дискутирам во прилог на вистината, што во Македонија по пат на форсирање на одредени јазици поготово некодифицирани јазици ние веќе допуштаме односно отвораме простор одредени етнички групи по пат на механички при- лив, по пат на војната во БиХ да почнат во Македонија да отвораат нови процеси. Земете ја изјавата на Странката за демократска акција во Македонија. Тие јавно инсистираат дека во пописот во Република Македонија и со законот кој се носи треба да постои посебна графа каде ќе се попишуваат Бошњаците. Ве молам, ако побараат Бошњаците вештачки измислуваме друго малцинство или етничка група во Македонија. Аналогно на тоа ќе се појават и Египќаните, па ќе се појават било какви етнички групи или припадници на други народи кои случајно се нашле на овие простори. Сега, кога отвораме таков процес треба да гледаме на иднината. Тој аспект мене не ме загрижува ако го земете како техничка работа еве пописот ќе заврши, ќе се заврши таа процедура. Меѓутоа, во политичкиот дел е опасно што го вметнуваме и тоа ќе ги отвори тие процеси и несакајќи ние се впуштаме во една кампања која нема да оди во прилог на компактноста на оваа држава врз државно - правниот статус на оваа

држава и со еден збор ќе го поткопаме мнозинскиот народ на Република Македонија, а тоа е македонскиот народ кој е конститутивен, носечки, главен но- сител на државноста на оваа Република Македонија. Овде станува збор за традиционална држава на овие простори на Балканот. Инаку, вакви- те процеси мислам дека ќе бидат спорни за нашите соседи. Земете ја Албанија, Грција, Бугарија, Србија. На овие простори нема чисто етничка заедница хомогенизирана нација. Земете во Албанија колку националности има. Има Албанци, Власи, Македонци, Роми, Црногорци. Во Грција ист случај има Турци, Маџари, Македонци, Власи и што уште не. Во Бугарија ист случај, во Србија ист случај. Сега, ако ги поставиме работите така како што треба да ги поставиме ние треба навистина да бидеме загрижени само за еден аргумент. Зошто ние како Македонија, како држава, добро, би било нормално да прифаќаме такви експерти од Меѓународната заедница или Европската заедница, има меѓународни конвенции врз кои треба да се базира овој попис. Но, ние како држава Македонија овој модел што го воведуваме се повеќе ми наликува на еден експеримент. Тука најповеќе се плашам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам приврвшувајте.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Дали со ваквиот модел, со ваквиот експеримент нема да наседнеме на работа која во иднина ќе ни направи поголема штета од овој момент кој го оценуваме како политички актуелен или како сакате, ќе биде во извесна предност. Но, мора да се соочиме со иднината и со последиците кои доаѓаат. Јас од тоа најмногу се плашам. Инаку, не се плашам од тоа во Македонија секој да си каже што е  и колку е, но ние

како правна држава, како вистинска држава во права смисла на зборот мора да имаме контрола и евиденција на се. Инаку, ако ја испуштиме таа контрола, таа евиденција и ако дозволиме секому во Македонија да влегува и да прави попис врз свои критериуми или свои обрасци од пописот да чува за свои интерни цели и задачи, тогаш не би имале претензија на сериозна суверена држава која во иднина треба да претставува нешто... (дофрлување од место) мислам дека заслужува ваква елаборација овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Котевски треба да завршите со излагањето, мина времето.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе завршувам, јас имав трпение имај- те и вие уште малку.

Ова се основните работи на кои инсистирам посебно министерката да ми образложи за оваа алинеја 3 и 4 и заради сите овие аргументи што ги потенцирам и заради оној обавен разговор со господинот Хауг и заради сите други вистини што постојат во Република Македонија го прифаќам овој амандман и апелирам до вас мислам со аргументи на вистината да го прифатите овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, сосема ми се јасни принципите и поводите од кои се раководела Владата при подготвувањето на Предлогот на законот. Тоа е познатиот принцип на Макијавели "целта го оправдува

средството". Ако не беше така веројатно Предлогот на законот ќе беше во иста форма како што беше понуден во првичниот текст Меѓутоа, Владата под притисок, морам да кажам, на пратеничката група на ПДП, веројатно и на експертите, а тргната од желбата сепак во Република Македонија сепак да се знае конечно колку население има, односно колку има државјани на Република Македонија, колку се Македонци, а колку од припадниците на националностите, свесно тргнува во намера да го крши членот 7 од Уставот на Република Македонија. Тие мотиви на Владата ми се прифатливи и мене, а верувам и на целото Собрание како и на пратеничката група на ПДП, меѓутоа, и на опозицијата сите сакаме во Република Македонија да има попис кој ќе ни даде податоци за тоа кој се живее во Република Македонија. Не од тоа дека пописот во Република Македонија кој беше извршен минатата година беше нерегуларен. Пописот беше регуларен, меѓутоа, со свесно апстинирање на една цела етничка популација која не сакаше да се изјасни токму поради јазичната бариера. Тргнувајќи од тој податок Владата решила да оди во свесно прекршување на Уставот, односно на членот 7 од Уставот на Република Македонија. Знам дека во Владата има правници кои можат и одлично го толкуваат Уставот, бидејќи членот 7 став 1 кој вели : "во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо" е сосема дециден. Ова што се говори во ставот 2 и 3 од соодветниот член зборува за единиците на локалната самоуправа, а не за употребата на јазикот на целата територија на Република Македонија. Доколку имав- ме закон за употреба на јазикот и писмото на националностите, тогаш веројатно аргументите ќе беа на таа страна односно Владата ќе беше во право. Од друга страна тешко ќе може некој да ме убеди дека формуларите не се јавен документ. Ако не се јавен документ, тогаш пописот нема да го врши државна институција, пописот ќе се врши во месните заедници или во некои други помали форми на

организираност на населението.

Според тоа, мислам дека овој член од законот ќе наиде на соодветни премерувања односно соодветни образлагања од Уставниот суд на Република Македонија и покрај тоа што верувам дека мотивите од кои тргнала Владата, а факт е дека го изменила својот став од Предлогот за донесување на закон до сега, говори за еден поголем притисок на кој таа подлегнала, меѓутоа, веројатно поведена од желба сите во Република Македонија да се преброиме. Тој факт не го сметам за занемарлив, мислам дека во тој дел била во право, меѓутоа, и нашата јавност и меѓународната јавност треба да биде свесна дека во Република Македонија свесно се прекрши Уставот со цел да има попис.

**ТАШКО КИРОВ:**

Бидејќи пред малку беше прочитано едно решение што мислам дека за нас е света работа од еден светол историски момент, а тоа е 1944 година кога е формирана нашата државност, па јас на некој начин и сум замолен од колегата Благој Тошев, а сметам дека треба да биде кажано, бидејќи при неговото читање имаше одредена реакција, па сакам да напоменам дека ова што беше прочитано е оригиналот, на оригинален македонски јазик, како што во тоа време било напишано решението. Токму заради тоа еве уште еднаш, бидејќи е од два члена ќе го повторам "Решение на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија на заведуење на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава".

"Член 1, македонската држава како службен јазик се заведуе народниот македонски јазик.

Член 2, ова решение влегуе веднага во сила. Во Манастирот "Св.отец Прохор Пчински" на Илинден - 2 август 1944 година. Секретар Љубомир Арсов, претседател Методија Андонов - Ченто".

Уште да напоменам дека документите од Првото и Второто заседание на АСНОМ се извадени од Том I, книга II, Скопје 1984 го- дина. Мислам кој сака може да ги погледа.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван. господине претседателе на Владата. За цело време додека се зборуваше за предложените амандмани во врска со овој закон сигурно сте забележале дека јас не гласав ниту за ниту против, ниту воздржан, сакав да се правам и јас малку на, да речам на народен јазик, тралала, заради некои мои согледувања кои не се поклопуваат со вашите согледувања. Но, еве ми даде за право оваа дискусија овде што се води да земам збор и да кажам свое мислење за ова што се предлага по овој амандман што секако е поврзано со многу други работи, бидејќи се спомнуваат работи од нашето историско минато од 2 август па наваму и добро е што го признаваме 2 август, меѓутоа, интересна работа за некои работи го признаваме, а за многу други работи не го признаваме. Сигурно доаѓа до одреден куршлус помеѓу нас пратениците овде, па сакаме да внесеме некоја забуна.

Наиме, јас воопшто не се согласувам со поединци кои се произнесуваа дека пописот претставува обична статистичка операција. Тоа е минимизирање на важноста на пописот, меѓутоа, јас тврдам, добро е кажано во она време пред малку кога претседателот на Парламентот бараше да се гласа поединечно, дека е од исклучиво големо значење и важност овој попис заради општиот развој на Република Македонија почнувајќи од составот на граѓаните, па индустријата, да не зборувам за

што се работи, знам дека сите знаете, знаат и претставниците на Владата кои малку се произнесоа кажаа дека тоа е обична статистика односно статистичка операција. Сакам да кажам дека многу сум несреќен во еден момент кога во врска со членот 35 и поранешниот член 32, она 50%, 25%, помина најнормално, да не останам должен да кажам само што мислам за овој член 35 односно член 32.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој амандман е на расправа, па држете се за амандманот.

**ФАИК АБДИ:**

Тоа е за јазиците, па даречеме Ромите во Западна Македонија нивните презимиња се еве на пример мојот генерален секретар се вика Шабан Салиу. Сите тие се викаат така по презимиња. Нормално го нема оној состав да можат да бидат попишувачи и роми и според законот секој има право да молчи за својата национална припадност и верска припадност и зависи од попишувачот за што ќе го смета и ќе му ја одреди судбината дали македонец, албанец, турчин, влав, ром итн. тоа е многу голема опасност, а вие не сакавте да мислите на тоа и нека си остане онака како што совеста ќе му наложи на секој попишувач.

Во врска со ова што се зборува овде дека се крие некоја опасност и стално се спомнуваат Албанците, мислам дека немаме такво право да зборуваме само за Албанците дека тие инсистираат на нивен јазик заради тоа што овој состанок овде односно на оваа седница претходеа многу други средби со претставници на повеќе светски од- носно европски институции и институти и таму е кажано скоро од сите националности дека сакаат на свој јазик да имаат формулар од- носно да имаат попис заради автентичноста на пописот и поголемата исправност на пописот.

Јас не гледам дека ќе има штета Република Македонија ако пописот се одвива на овој начин и не гледам дека ќе биде загрозена Република Македонија и како би рекол Македонците по род заради тоа што јас ја гледам среќата во овој попис на овој начин ако биде попишано и општата граѓанска хомогенизација на граѓаните од Република Македонија. Тоагш ќе имаме нешто многу пообмислено и почисти сметки и така ќе се оди напред кон градбата на ова наше општество какво што избравме, односно како што сака Европа од нас односно како што сме се определиле според Уставот така да работиме.

Инаку, јас мислам дека нема да има недоследности, се надевам во тоа од аспект на членот 35 и во никој случај не би го при- фатил амандманот како што овде се предлага, тоа е стара работа, ако се сеќавате уште во времето кога го донесовме Уставот за неговата преамбула се знае дека ВМРО е на таа линија, само кога ќе ја промени програмата тогаш ќе ги прифати овие работи, тоа е ваша работа партиска и јас верувам дека ова ќе помине вака како што е предложено.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Што има да кажам на почетокот дека го поддржувам амандманот пред се, иако Владата сака да го крши Уставот, сака да ги крши светлите традиции од 2 август 1994 година, исто така да напоменам иако експертите се залагаат и убаво кажаа во средствата з јавно информирање дека тие се експерти за статистика, а не се експерти за Уставот, меѓутоа најверојатно Владата сака да изврши еден експеримент како тоа го прават господата фармери во западниот свет на својот четвороножен тревопасен фонд ставајќи им очила во боја, односно во зелена боја за да можат да ја гледаат сламата во сено, исто така сака господата која е со коалициониот партнер во РМ сака на овој народ да му поттури нешто нкнхи иако е спротивно на Уставот, обрасците да ги подготви во 5 односно во б јазици, што сметаме дека е нон сенс и не постои во една држава ниту во Европа, ниту во другиот дел од светот, па затоа би сакал да кажам дека треба да се поддржи амандманот на господата Стефковски, Стоиле Стојков и Ковачевски и чинам дека е неиздржливо ова што сакаат да се извршат некои експерименти на ова тло иако сега во овој момент сме каде што треба да се преброиме имотот, становништвото, бројот на доселениците, неводејќи при тоа сметка дека треба голем број на технички средства, како што се машини за пишување, технички персонал, меѓутоа, ако и натаму упорно се настојува останува самиот коалиционен партнер да оцени, свесен сум дека ќе бидеме надгласани, но секако не се во право.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сум еден од потписниците на овој амандман и со самата заложба при поднесувањето на овој амандман беше дека во РМ треба да се почитува Уставот. Нема никој да замери

ако се повторам, но едно ќе кажам дека Уставот на РМ во овој случај со членот 35 се прави очитно еден напор да не се почитува и да се озакони нешто што е спротивно на Уставот. Видете што се случува со нашава држава. Имате интересен феномен. Како пример ќе ви ја дадам блокадата што ја спроведе Грција спрема РМ. Веднаш условува името знамето, промена на Уставот. Аналогно на ова имаме бојкот од страна Албанците и веднаш имаме нова состојба кој значи нов закон, нов попис. Што е заедничкото во овие два случаја. Некои предизвикува одредена појава и бара разрешување со учество на меѓународни посредници. Експертската група токму тоа преставува во случајот со законот за попис. Меѓутоа, експертската група мислам дава една услуга во услови кога едноставно и не постои проблем на кој што би требало да даде свој услуги. Со други зборови експертската група наоѓа еден терен добар и се наметнува во нашата Република, не со нудење на решение, туку едноставно прифаќа партнерство во коалицијата, во Владата на РМ и настапувајќи како арбитар се предлагаат такви и онакви решенија. Решението во членот 35 не го предлага експертската група, тоа да му е јасно на секој бидејќи таа не се меша во уставните надлежности на било која држава, едноставно решението во членот 35 го предлага Валдата на РМ. Зошто го прави Владата на РМ ова решение свесно дека е спротивно на членот 7 ставот 1 од Уставот на РМ. Ако претставникот на Владата прифати првиот амандман на групата пратеници на ВМРО-ДПМНЕ дека не републички, туку државна комисија, јасно е дека во државните работи се употребува службениот јазик на таа држава, а тоа е македонскиот јазик. И со право одреден број на пратеници кажа дека македонскиот јазик како службен во РМ има еден континуитет од АСНОМ 1944 година. Зошто се прави ваквото отстапување би рекол, јас очекувам дека веднаш ако се усвои онака како што е предложен членот 35 дека постапката пред Уставниот суд ќе биде неминовна, и очекувам дека

Уставниот суд ќе заземе став дека навистина имаме одредба што е спротивна на РМ, меѓутоа, во тој период ќе биде завршен пописот. Дали треба попис на РМ и во вакви услови, мислам ние како пратеничка група веќе се произнесовме и рековме дека е потребно едноставно за да ги знаеме состојбите какви се во Републиката со бројот на националностите и воопшто за бројот на Македонците во РМ без оглед на фактот што бројот на било која националност не може да го смени унитарниот "-карактер на македонската држава. Сакам да укажам на една нелогичност би рекол, со тврдењето дека образецот не претставува повреда на Уставот и воопшто нема врска со членот 7 како што претставникот на Владата се искажа. Сметам дека секој образец кој се утврдува со закон во одреден начин има своја тежина и образецот на личната карта се утврдува со закон. Не сум многу по право, ако сум правник дали е јавна исправа, а образец велиме се пропишува со закон исто така се пропишува образец и да речам за гласачкото ливче кога ќе дојдеме до законот за изборите. Овде се тврди дека и тоа не е јавна исправа па според тоа не е воопшто битно на каков јазик ќе бидат во законот уредени прашањата за содржината на обрасците. Затоа сметам дека кога се излегува на оваа говорница треба да се даваат поиздржани образложенија и кој што навистина треба да помогнат на овој Парламент да си ја изврши својата основна функција да донесува закони засновани на Уставот. Јас не чув од претставниците на Владата само една реченица дали овој закон, поготово одредбата од член 35 е во согласност со Уставот, во зависност од тоа ќе биде и одлуката нас пратеничката група како ќе гласа, но во секој случај кажуваме дека е спротивен членот 35 на членот 7 од Уставот на РМ.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Морам на почетокот да кажам дека го поддржувам амандманот од две ми се чини навистина крупни причини.

Прво, што со овој член, после кога би станал дел од функцијата на пописот во РМ ќе се направат два крупни преседана. Првиот преседан за кој многу се зборуваше денеска, тоа е фактот дека во РМ продолжува праксата на кршење на Уставот на РМ пракса која беше воведена во РМ со оној прв миг на првото формирање на Влада на РМ и пракса која до денеска барем десетина пати е прекршена на највисоко државно ниво, тоа од страна на претседателот на Републиката, односно од Владата на РМ. Значи, оној кој е задолжен да го штити Уставот на РМ најмногу го прекршува во РМ. Парламентот и секој парламентарец исто така е одговорен да го почитува Уставот и да биде чувар на Уставот на РМ. Ако претседателот, Владата односно дел од парламентарците кој стојат зад владината коалиција се тие кој што не само што не го чуваат Уставот на РМ туку се главни носители на прекршување на Уставот, тогаш сигурно зборува тоа многу и за самите луѓе кој денеска раководат во РМ и за оние парламентарци кои не се срамат, не се плашат да ја кренат својата рака против Уставот во РМ. Едноставно сметам дека многу малку во РМ го почитуваме Уставот кој го гласавме во македонскиот парламент, многу малку се грижиме за Уставот и сигурно тоа е еден од' најголемите проблеми кога станува збор за правната држава, за демократијата во РМ. Првиот момент и првиот преседасн беше тоа.

Вториот преседан е исто она што сметам дека е уште поголема катастрофа и тоа РМ веќе ја носи во оние граници кои можеме да ги наречеме трагични граници за она што се нарекува суштествување на македонската држава. Имено, веќе на големо во РМ неколку години

наназад посебно од функционирањето на оваа нова Влада на премиерот Црвенковски, гледаме дека се води една политика на федерализација на РМ или така наречено со поблаги зборови претворање на РМ во некакви мултинационална држава. Јас можам да кажам дека денеска секоја држава во Европа па и во светот е мултинационална заедница па многу ретко тие држави го спомнуваат во своите настапи дека се тие мултинационални, мултиетнички држави. Во таа смисла самиот факт дека пописот во РМ треба да се одржи на 6 јазика за мене е повеќе од грозен, повеќе од трагичен и навистина не знам и не можам да ги опишам чувствата кој во мене се будат кога го слушам фактот што сите ние очигледно треба да повториме неколку пати. На 6 јазика ќе правиме попис во РМ и повторно ќе го повторам господа пратеници. На 6 јазика ние во РМ ќе правиме попис. Самиот тој факт размислете го во своите глави, сите граѓани во РМ кои ја слушаат оваа седница и кои ќе учествуваат во тој попис исто така нека го размислат во своите глави и нека размислат во кои правец ја водиме РМ како Влада, како претседател на држава, како пратеници кои гласаме за закони во македонскиот парламент. Самиот факт дека овој попис треба да се одржи~на 6 јазици за мене не зборува ништо друго освен дека државното раководство во РМ и Владата која управува со РМ ја води РМ во она што се нарекува еден национален нихилизам кој е многу својствен за комунистичката интернационала што зборува дека за жал во РМ се уште оној кој што најмногу треба да се грижи за националните интереси, а тоа е Владата и државното раководство во РМ многу малку размислуваат за она што се нарекува национален интерес на народот, на нацијата кој е носител на државноста во РМ.

Јас сакам да ве потсетам господа пратеници дека во нашиот Устав се уште во преамбулата пишува дека Македонија е држава на

македонците и на другите граѓани кои живеат во РМ, се уште во нашиот Устав пишува во РМ службен јазик е македонскиот јазик и ние треба да се придржуваме кон нашиот Устав, а со тоа и да го градиме граѓанскиот устав за кои вие најмногу се залагате. Фактот дека во РМ пописот ќе се прави на 6 јазика зборува дека оние што седат во Владата и оние што како пратеници ќе ја поддржат таа концепција се рушители на граѓанскиот Устав на РМ. Граѓанскиот устав во една европска држава не значат ништо друго туку дека сите оние кои живеат во таа држава се припадници на нацијата кои живеат сите оние кои живеат во една држава имаат еден службен јазик. Тоа е примерот на сите држави па дури и на оние што се веќе докажани како мултинационални, мулти етнички примерок на една<Австралија. За жал ние во РМ наместо да имаме асимилација кон она што се нарекува македонска нација имаме дистукција на македонската нација, дистукција на македонската држава која нема да води никаде кон навистина она што се нарекува една вистинска катастрофа на долгорочни патеки по исто оние точки што се нарекуваат национални интереси на нашата држава.

Конечно да завршам, не само по овој амандман туку и по сите оние амандмани кои претставуваат одбрана за националните интереси ние гледаме дека единствено настапуваат пратениците на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, членови на независните пратеници и дел на она што се нарекува опозиција во македонскиот парламент. Од друга страна во конфронтација, меѓутоа, во обратен правец влегуваат пратениците на ПДП, кога реков во обратен правец мислам на она што се нарекува дистукција на она што се нарекува национален интерес, борба за одземање на се она што се нарекува национален идентитет на македонската држава и од трета страна го имаме третиот субјект, тоа е

владината коалиција составена од СДС, Либералната партија и Социјалистичката партија, пратеници, односно претставници на Владата која едноставно цело време мудро молчат во пратеничките клупи и ни покажуваат и нам на Парламентот и на целата македонска јавност колку се тие мудри, колку се тие паметни и колку еве ги пуштаат ВМРО-ДПМНЕ од една и ПДП од друга страна да се борат, едните за зачувуваше на националните интереси, другите за диструкција на националните интереси во РМ. Сметам дека тоа лицемерие е од левите партии кој се поставени во СДС-Либерална партија и Социјалистичка партија, треба еднаш за секогаш да престанат и навистина и пред македонската јавност да се покаже да се каже дека целата оваа диструкција и со овој попис и со многу други амандмани и со многу други закони кои се носат во македонскиот парламент, најмногу поминуваат со гласовите на левата коалиција, односно со пратениците кои за жал само примаат инструкции од нивното раководство, а не сакаат малку да се соочат со својата околина во која живеат.

Од тука, се надевам дека еднаш за секогаш на ова уништување на она што се нарекува суштина на македонската држава еднаш за секогаш ќе престане во РМ и се надевам дека и во свеста на пратениците во левата коалиција конечно еднаш за секогаш ќе се разгори македонската традиција, македонскиот дух и ќе сфатат дека во оваа држава во која живеат треба да се чувствуваат слободно како што треба да се чувствуваат. Се надевам дека овој закон на овој начин како е преставен, а ми се чини најспорниот амандман е токму овој за кој зборуваме членот 35 со кој во РМ треба да се оствари попис на 6 јазика, сметам дека навистина дека нема да< помине на тој начин и дека ќе добиеме еден нормален закон за попис она за што се бори еден нормален граѓански

закон за попис во кој се знае кој е службениот јазик и кој се правилата по кои се оди на попис во дадената држава. Се надевам дека конечно еднаш за секогаш нема да заборавиме што живееме во РМ и што треба да се чувствуваме како нација која веќе 3,5 години има своја држава и се радува на плодовите на таа држава.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, предложениот амандман за мене е прифатлив и истиот е поднесен сепак во духот на уставот на РМ. Затоа што предложениот член 35 е спротивен на Уставот. Зошто го велам тоа? Владата се изјасни дека документацијата која се подготвува за спроведување на пописот дека немаат карактер на јавна исправа овие документи. Ако немаат карактер на јавна исправа, јас не знам какви документи тие ќе бидат сепак, дали во тие документи може да се пишува било што. Овие документи имаат своја форма, своја содржина. Секој документ кој што е пропишан во форма и содржина таквиот документ има својство на јавна исправа. За секој неточен внесен податок во него се одговара. И во самиот закон постои предвиден прекршок, а исто така постојат и кривични дела, доколку таквата документација биде фалсификувана. Дали членот 35 има место да стои во законот. На сите нам овде ни е јасно дека членот 35 е сепак едно усогласување меѓу политичките партии да се спроведе пописот, овој вонреден попис кој што и од тие причини дојде до него. И тогаш политичките партии НДП и ПДП сугерираа кај своите избирачи со своето тело да не излезат на попис веројатно од тие исти причини беше и тогаш. Дали треба такви отстапки. Дали тоа им користи и на албанските партии. Сметам дека во овој дел од законот тоа што го бараат не ќе се реши. Дали со оваа правна

формулација, правна норма во членот 35 ќе има некои никулци да го решат тоа што бараат националностите кај нас и тоа претежно се знае дека е Албанската националност. Таа е најбројна, таа често пати на таквото нешто укажа. Ми се чини дека другите националности немаат никаков интерес од тоа. Сметам дека и не постои таква потреба затоа што сите граѓани во оваа држава без разлика кој од која националност е го познаваат македонскиот јазик и кириличното писмо. Штета е ако Македонија не успеала некои граѓани од било која националност да им овозможи да го познаваат тој јазик и тоа писмо. Исто така тоа веднаш се сукобува со законот за државјанство.

**ЕФТИМ МАНЕВ**: (Продолжение)

Ако еден граѓанин се чувствува дека е граѓанин на оваа држава ја сака како своја, ако не го познава јазикот,....

(дофрлање од место)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да упаѓате.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Ако ја сака како сопствена држава и ако сака да живее во неа, мене ми се чини дека патот е еден во цел свет. Држави кои се унитарни мора да познаваат еден јазик на кој ќе комуницираат, па дури и сложените држави. Ние живеевме во една федерална држава, сите го познававме српско-хрватскиот јазик, без разлика кој од која националност беше. Со овие отстапки прашање е дали ние ќе го неутрализираме тоа што се јавува кај нас како национално, национализмот? Мене ми се чини дека токму тука ќе го подгрееме и ќе се создадат услови понатаму овој народ да не живее во мир и слобода.

Дали пропишаните одредби во членот 35 да се попишуваат граѓаните на 6 писма, на 6 јазици е реалност? Дали нема други граѓани? Јас мислам дека во оваа држава живеат 30 народности. Каде се црногорците, каде се словенците, хрватите, каде се мацарите. Што ќе правиме со граѓаните што ќе ги попишеме со овој попис, имаат дадено одобрение за престој, а тоа се странски државјани по било кој основ? На кое писмо ќе ги попишеме? Дали ќе им дадеме шанса да бираат некое од овие шест писма што се воведени или ќе воведеме и некој друг прашалник и тие да се изјаснат на нивните писма?

Сметам дека се направени многу пропусти токму со овој член и тоа од причини за некаков мир. Само, овој мир ќе го видиме дали ќе е таков каков што го сакаме во наредни години. Ми се чини дека ќе има обратен ефект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАПА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, немам намера да предизвикувам никого ни за реплика ни за реагирање. Напротив, сакав да потсетам дека сите ние пратеници од сите парламентарни групи мислам дека сме определени веќе, се изјаснивме за вонреден, целосен, праведен, објективен попис. Мислам дека во тоа нема ништо спорно. Бидејќи се определивме за тоа мислам дека и залагањата за попрецизно дефинирање на некои работи во законот мислам дека треба да се сфатат само како добронамерни.

Мое мислење е дека членот 35 е токму во функција на тоа, да добиеме колку е можно максимално целосен праведен и објективен попис. Не треба сега ние заради тоа да се навраќаме на нешто што значи однос Устав - попис на население итн.

Добро беше речено од претставникот на Владата дека станува збор за една статистичка акција, што според моето мислење, подразбира одење на државата кај граѓанинот а не обратно граѓанинот кај државата.

Веројатно, ако станувашe збор за односот за одење на граѓанинот кај државата, кај државните органи можеби ќе имаше нешто да се разговара за подоследно почитување на уставните одредби. Но, ние сакаме да спроведеме статистичка акција што подразбира доближување на државата преку своите форми, механизми до граѓанинот да го моли

граѓанинот тој да даде релевантни податоци што ќе значат реален и објективен попис предвидено со членот 6, а особено и со некои други членови.

Мислам дека Уставот не е доведен во прашање и од оние дури што не гласале за Уставот. Уставот мора да се почитува, тоа е неспорно. Меѓутоа, треба да се прави разлика меѓу преамбулата на Уставот и оперативниот дел. Преамбулата на Уставот е историја која ние ја признаваме и неспорна е таа, иако можеше да биде поинаку формулирана. Но, оперативниот дел на Уставот, мислам дека тој е најбитен што значи да се примени во практиката па и во случајот еве да кажеме ако некој сака да го споредува во врска со пописот.

Меѓутоа, морам пак да повлечам дека станува збор за статистичка акција, за пребројување, станува збор за напор еднаш засекогаш да се излезе од една состојба во која што објективно сме западнати ток! сега во услови на современа и суверена Република Македонија.

Податоците од оваа важна акција се многу битни. Морам да потсетам. И значајни и за, еве, за националното планирање и за вкупното планирање, вкупниот наш и регионален развој, за проучувања и за реализирање на доста акции битни и за сегашнината и за иднината.

Според тоа, значи, во прашање е спроведување статистичка акција која, за љубов на вистината мора да се каже дека нема да се спроведе како што овде се сака од поединци на некој начин да се вулгаризира работата. Се извинувам што го употребувам овој збор, но јас ќе речам дека пописот ќе се врши на два јазици во основа, со тоа што алтернатива ќе бидат јазиците на националностите. Ќе биде на македонски или пак на албански со транскрипција на македонски, на српски со алтернација на македонски или обратно итн. но во секој случај македонскиот јазик не е занемарен. Тој ќе биде присутен кај било кое лице што се попишува.

Само ширината е во опфатот на јазиците на националностите, со цел пописот да биде максимално сеопфатен.

Би рекол дека воведувањето на повеќе јазици не треба да значи водење кон крајности, како што овде беше истакнато. Напротив, т нам треба да ни овозможи успех во акцијата, пописот навистина овој па да биде успешен. Сето тоа се прави со таа цел, па макар по цена, еве да кажеме оние што се правници сега, тоа да го доведат во судир и со уставните одредби, што јас мислам дека не би требало во оваа прилика да се поврзуваат со членот 7 од Уставот.

Станува збор за една граѓанска акција, една акција од интерес на сите граѓани на РМ што треба на соодветен начин да се регулира и со овој закон, па и со упатството што ќе уследи за спроведување на законот.

Во таа смисла не би требале да се согласиме со предложениот амандман туку да се согласиме дека навистина ни треба добар попи објективен попис и во таа смисла да ги приспособиме и нашите амандман

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Како предлагач на амандманот има право да дадам појаснување во текот на расправата и во тоа е суштината. Затоа се потпишавме четири, пет предлагачи за да можеме да објаснуваме кога некој ќе излезе и ќе даде некој предлог.

Излегов само да укажам на една работа, со овој закон се прави преседан, преседан со воведување на јазиците на националност во употреба во државните работи.

Оттука, ако Владата сметала дека нема место за една ваква одредба во Законот, едноставно можела да понуди и една друга формулација, а таа формулација би се свела на некакво си упатство, но без да се нарушува Уставот на РМ.

Со ова кажувам една друга вистина, а тоа е дека сепак имаме една коалициона влада и дека таа влада мора, за да опстане да прави одредени отстапки на својот коалиционен партнер. Јас, единствената отстапка и единствената цел што имаме ваква одредба членот 35 како што е даден тоа е само да се помогне на пратеничката група на ПДП во нејзиното битисување би рекол, со појавата на соперничката фракција на господинот Мендур Тачи. Мислам дека ради таква дневна политика не треба да се прави компромис, никаков компромис во однос на почитувањето на Уставот на Република Македонија. Ова ќе биде за мене, опасен преседан што натаму ќе следи во сите понатамошни закони.

Една е и недвосмислена вистината дека ова веќе не ќе може да се контролира во законите понатаму и ова ја јакне позицијата на партијата на господинот Мурати. Ако имала таква цел коалицијата односно Владата на РМ, мислам дека е добро што го чини за својот коалиционен партнер а и тоа е штета на интересите на својот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (26 пратеници)

Дали има некој против? (51 пратеник)

(Во текот на гласањето против амандманот од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се аплаудира.

Дали некој се воздржа од гласањето? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 35 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Ќирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Господинот Ковачевски, бара збор.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Бидејќи се сомневаме во пребројувањето бараме поединечно да се видат тие лица кои се против Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, има десет кои го поддржуваат и бараат поединечно гласање.

Го молам секретарот да го спроведе поединечното гласање

**ИГОР СПИРОВСКИ:** (Прилог)

VIII/7

1. ФАИК АБДИ , против
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА , против
3. ЕШРЕФ АЛИЈУ , против
4. ХАМИТ АЛИУ , против
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ не е тука
6. СТОЈАН АНДОВ , против
7. ТИМЕ АНДОНОВ , против
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ, не е тука
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ, за
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ, не е тука
11. ДРАГИ АРСОВ, за
12. БРАНКО АРСОВСКИ , против
13. ДУШКО АРСОВСКИ, против
14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ, против
15. ЈОРДАН БОШКОВ, не е тука
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ, за
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ , Не е тука
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ , не е тука
19. ПЕТАР ГОШЕВ , не е тука
20. ДРАГИ ЃРОЗДАНОВСКИ , за
21. САНДЕ ДАВЧЕВ , воздржан
22. РАТКА ДИМИТРОВА , Не е тука
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ , не е тука
24. ТОДОР ДИМОВ , против
25. ДОСТА ДИМОВСКА , за
26. БОРКО ГОРЧЕСКИ, за
27. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ г не е тука
28. ПЕТАР ГОРГИЕВ , против,
29. ЗУДИ ЕМИНИ , против
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ, Против

31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ, за
32. НАСЕР ЗИБЕРИ, не е тука
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ, не е тука
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ , не е тука
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ, не е тука
36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ, Не е тука
37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ , против
38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ , воздржан
39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ , за
40. РИСТО ЈОВАНОВ , за
41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ , за
42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ , не е тука
43. ТАШКО КИРОВ , за
44. ЗОРАН КИТЕВ , за
45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ , за
46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ , против
47. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ , за
48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ , не е тука
49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА , не е тука
50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ , за
51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ, за
52. ЕФТИМ МАНЕВ , за
53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ , против
54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА, не е тука
55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ , не е тука
56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ , не е тука
57. СТРАШО МИЛКОВСКИ , против
58. ПАНЧО МИНОВ, против
59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ, против
60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ, за
61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ , против
62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ , против
63. ВДИ МУРТЕЗАНИ , против

64. НАИФ МУСТАФА , против
65. ПАНЧЕ НАСЕВ , против
66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ, против
67. СИМОН НАУМОСКИ г не е тука
68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ , не е тука
69. ЈОВАН НИКОЛОВ , против
70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ , против
71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ , за
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ, против
73. ТИТО ПЕТКОВСКИ , против
74. ТОДОР ПЕТРОВ , за
75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ ,не е тука
76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ, против
77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ, против
78. КИРО ПОПОВСКИ, против
79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ , против
80. НИКОЛА ПОПОВСКИ, против
81. ШАБАН ПРЕВАЛА , против
82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ , не е тука
83. ИСМЕТ РАМАДАНИ , против
84. ИВАН РАМБАБОВ , против
85. ШУКРИ РАХИМИ , против
86. ФЕРИД САДИКУ, против
87. НЕИМ СЕЛМАНИ , против
88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ, воздржан
89. АЦО СПИРОВСКИ , не е тука
90. РИСТО СТАМЕНОВ , не е тука
91. РИСТО СТАНКОВСКИ , против
92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ за
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА /против
94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ , против
95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ,против
96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ , не е тука
97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ, за
98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ, против
99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ, против

Фм /№•

VIII/10

100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ г не е тука
101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ , за
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ, за
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ , за
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ, против
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ , Не е тука
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ , Не е тука
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ, за
108. АГИМ ФАЗЛИУ , против
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ, за
110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ , против
111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ , против
112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ, Не е тука
113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ , против
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ, против
115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ, против
116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ, не е тука
117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ , не е тука
118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ, против
119. ХИСНИ ШАКИРИ , против

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 80 пратеници. 27 пратеници гласале за.

56 пратеници се изјасниле против и тројца пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на ,член 35 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Молам, нека влезат сите пратеници во салата.

Повикајте ги сите пратеници брзо да влезат.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Има збор господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас се изјаснив во прилог на член 35 , меѓутоа сум за мало дотерување на член 35, за да навистина одговара што сакаме да го постигнеме. Во таа смисла со колегата Фазлиу се договоривме во ставот 1 на член 35 во заградата каде што се набројуваат јазиците на националностите наместо "српско-хрватски", треба да стои "српски Ова од едноставна причина , еве да потсетиме од дезинтеграцијата на Југославија се изврши и одредена диференцијација кај јазиците, односно веќе се создадоа посебен српски книжевен јазик и посебен хрватски книжевен јазик. Бидејќи објективно кај нас во Македонија не ќе може да најде примена барем масовно хрватскиот јазик, сметаме дека треба да стои во набројувањето "српски јазик". Молам да се прифати.

IX/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

На Комисијата за политички систем беше поднесен амандман да стои само српски јазик. Тој е прифатен. Веројатно е техничка грешка зашто е јасно дека тој јазик не постои. Амандманот Владата го прифаќа и целата исправка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2 поднесе од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Молам кој бара збор.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувани колеги и ова е мал обид за дотерување на членот 35 став 2 каде што кога би се допрецизирал ставот 2 на овој член би одговорил на она што е цел и намера на став 1 на овој член 35, затоа што ставот 2 и ставот 1 мора да бидат на некој начин комплементарни и заради прецизирање предлагам тој став 2 после зборот "националностите" и запирката и останатиот текст да се брише и да се замени со нов текст "се користат двојазични обрасци на јазикот и писмото на односната националност со транскрипција превод на официјалниот македонски јазик и кириличното писмо". Тоа е залагање за една поголема доследност за оживотворувањето членот 35 односно ставот 2 од овој член.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претставникот на Владата.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман, а во врска со даденото образложение, јас се сомневам дека амандманот е од техничка природа. Никаде во светот не се врши транскрипција од јазик на малцинство на службен јазик туку транскрипцијата се практикува од службен јазик на некој друг јазик. Според тоа е неприфатлив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Дали е некој против, молам да крене рака.

41 пратеник гласаа против.

Дали некој се воздржува ? (Не)

Од овој резултат од гласањето се гледа дека не гласале сите присутни во салата.

За да не губиме време молам, повторно да гласаме.

Кој е за да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

40 гласаа против.

Дали има воздржани - еден.

IX/4.-

И според ова гласање го нема потребното мнозинство од 61 за гласање, што значи некој не гласал. Ова гласање не е валидно. Со оглед на тоа за да видиме дали сите гласале и колку се вкупно во салата ќе гласаме поединечно.

Молам, да се пристапи на прозивка за поединечно изјаснување на секој пратеник.

IX/5.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | не е тука |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | против |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРЃИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

IX/6.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | против |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 42. РИСТОЃЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | против |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | против |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | не е тука |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | против |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | не е тука |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за. |

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | за |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | против |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ не е тука
101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ не е тука
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ не е тука
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ не е тука
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ против
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ не е тука
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ не е тука
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ против
108. АГИМ ФАЗЛИУ за
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ не е тука
110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ не е тука
111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ за
112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ не е тука
113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ за
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ против
115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ за
116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ не е тука
117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ не е тука
118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ против
119. ХИСНИ ШАЌИРИ за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците и претставниците на Владата треба да седат на своите места додека работи Собранието. Се гласа за еден важен закон и треба предлагачите да ги чујат резултатите од гласањето

Вкупно гласале 70 пратеници.

20 пратеници се изјасниле за.

48 пратеници гласале против и 2 пратеника се воздржа* од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 став 2 поднесен од пратениците Шабан Превала и Агим Фазли

IX/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 3 5 став 1,3 и 4 за замена на зборот "официјален " со зборот "службен" и на став 3 и 4 за замена на зборот "туристички" со зборот " и неговото" поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот дали го поддржува повереникот на она што е усвоено во Комисијата.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Претставникот го прифати овој амандман и од страна на Владата е прифатено и должи едно извинуваше зашто во македонскиот јазик постои убав термин "службен јазик, а ова официјално влече корен од статистичките закони".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го прифаќате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 4 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман и тоа од повеќе причини , прво не знам дали е во ред националностите да се одвојуваат по бојата на формуларот, зашто тоа потсетува на едни други времиња, второ мислам дека манипулацијата, напротив со бојата може да се обезбеди, а и трето тоа го прави пописот многу поскап. Од овие три причини Владата го одбива амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бара збор господинот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Амандманот е поставен до проста причина и како што знаеме тоа е технички дел на пописот и за да се олесни работата и на попишувачот и на оној што се попишува , од тие побуди е ова предложено, а нема никакви други конотации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, за мене амандманот поднесен од пратеникот Владимир Митевски е од социјал-демократскиот сојуз е неприфатлив од проста причина што мислам дека исто она што претходно еден амандман кажав, јас колку што знам колегите Срби се писмени, а овде излегува дека овој амандман е за неписмени луѓе, односно броење да кажеме за овци итн. Мислам дека е потполно неприфатлив и би го советувал да го повлече амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Четворица пратеници гласаа за.

Кој е против, молам да крене рака?

Педесет и два пратеници гласаа против амандманот.

Дали некој се воздржува од гласање?

Шест пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35, став 4 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 36, став 1, 4 и б, поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Сиљановска има збор.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа амандманот од веќе изнесените причини, а јас само ќе повторам дека амандманот е спротивен на меѓународната конвенција за заштита на личните податоци. Амандманот е спротивен на Уставот на РМ и Амандманот е спротивен и на Законот за заштита на лични податоци.

**СТОЈАН АНДОВ: ,**

Дали уште некој бара збор?

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој мој амандман се однесува на член 10, каде што се разговара за обрасците кој што ќе се користат за пописот. Јас и тогаш и во општа расправа и тогаш кажав дека тоа е мислење на мојата изборна база, на граѓаните од српска националност. Тие бараат обрасците да се пополнуваат во дупликат чисто поради интерно евидентирање подоцна со некакви други претензии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали го повлекувате амандманот?

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Не.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, за мене и овој амандман поднесен од пратеникот Владимир Митевски од СДС не е прифатлив, затоа што еден ваков амандман имаа колку што знам господата од ПДП и беше причина да речеме, претходно за една обемна дискусија во ова Собрание и г-динот Фрчковски токму на овој еден ваков сличен амандман образложи зошто е неприфатлив за подносителот на законот, односно за Владата на РМ. Во овој случај сега имаме и опозицијата да се придржува кон она

дека е образложението, односно го прифаќам образложението на г-ѓата Сиљановска, меѓутоа, морам да напоменам и овде да се каже дека одредена националност го обврзала пратеникот да поднесе, ви кажав, исто и за овој амандман, исто така реагираа поедини државјани на РМ, домицилни, пред се, од српска националност, кои велат кој му дал за право да не изедначува во овој случај со барата на ПДП инт. Мислам дека немате право вие да се повикувате дека српската националност ве обврзува да поднесете еден ваков амандман. Јас ќе кажам, има Срби кои заговараат создавање, да речеме на некакви си кантони, во овој случај ова токму на тоа оди. За кого ќе биде потребно, како што велите и еден примерок од обрасците да се остави кај лицето кое се попишува. Зошто? Поради интерно евидентирање. А сега дали тие кантони што некој си замислува дека некој сака да ги прави, па ќе правам посебни заводи таму за статистика итн., за да може , вели, интерно евидентирање на бројот на припадниците на националностите. Едно вакво решение ако се прифати од ова Собрание, ќе биде токму предмет на можност за фалсификување. Државните работи, се државни работи. Не дали на некого му се допаѓа или не му се допаѓа. Статистиката во овој случај е државна работа и при унитарна држава решенијата ги имаме, без разлика што повеќето вие го одбивте оној наш амандман за членот 35 за употребата на јазиците. Меѓутоа, ова исто така е многу неприфатливо. Токму заговара онаа теза дека што нашиве непријатели со кои сме опкружени, не велам како народи дека српскиот народ не во целина, меѓутоа, српската политика работи против РМ, да се разбереме. Или поединци во Република Бугарија. И тие работат против РМ. Грција, да не зборуваме, имаме и ембарго од нејзина страна. За Албанија, исто така, да не зборуваме,

помага некои сепаратисти тука кои очигледно формираат паравојска итн. Тоа се работи кои можат да имплицираат создавање на кантони односно на мала врата влегување Македонија да се федерализира на таа мала врата со членот 35, што предлагачот треба уште еднаш да размисли што е во спротивност со Уставот. Затоа, ќе ви кажам, исто така, граѓани од српска националност кои се мои пријатели познаници, се против едно вакво решение, не сакајќи да учествуваат во можните сценарија кои се подготвуваат на РМ. И би требало г-дине Митевски, ве советувам еве како досегашен пријател, се надевам и понатаму, да го повлечете амандманот.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Навистина, корисни совети од г-динот Стојков. Јас кажав дека амандманот не претендира на ништо. Прво, нема врска со амандманот на предлагачот од ПДП, ова е чиста случајност. Во прашање е она што го нуди законот. Законот нуди извесни демократичности таму и ова е во духот на тоа. За да се избегнат сите сомневања дека можат да се случат некои манипулации со резултати од пописот, тоа е и целта на амандманот. Други никакви претензии нема.

А, што се однесува дали јас сум член на СДС, тие сами знаат колку сум јас член на СДС, знаат дали досега во нешто ме поддржале како пратеничка група и тоа на нив им го оставам. Јас и пред малку кажав, јас единствено зборувам во името на оние што ме избрале , тоа е нивна волја, тоа е мислење на Здружение на Срби и Црногорци во Македонија и на сите, а не знам кои се пријатели на г-динот Стојков, можеби има пријатели, сигурно, но тој веројатно зборува во име на некои поединци.

X/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојков реплицира сега, бидејќи го праша за пријатели.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Точно мои пријатели се поединци, меѓутоа и тие се исто така Срби, колку што се и овие од вашата изборна единица. Но, најчудно е што тие се од вашата изборна единица. Во тоа е состојбата. И вие не можете тука да се претставувате дека јас сум претставник на српската националност. Јас колку што знам вие сте Македонец пред се. Србите имаат, можеме и ние да ги претставуваме и јас тука еднаш кажав, што вие погрешно го цитиравте, утре може да дојде на следните избори ВМРО - ДПМНЕ токму во вашата единица Србин да предложи кандидат за пратеник од ВМРО-ДПМНЕ. И сигурно ќе го гласаат и Србите. А дали вие сте член на СДС или не сте, јас знам дека се уште фигурирате и јавно не сте член или не сте. Изјаснете се слободно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Четиринаесет пратеници гласаа за.

Кој е против, молам да крене рака?

Четириесет и седум пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Двајца пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 6 став 1,4 и 6, поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 3, поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 38, став 1, точка 1, поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Молам кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Амандманот во врска со членот 38 е на некој начин во врска со членот 4, став 4 на овој закон, за кој што веќе ова Собрание се произнесе. Но, сепак, јас сакам да искористам прилика да укажам уште еднаш на потребата од размислување околу поимот "вкупно население' Амандманот кон ставот 4 беше поднесен токму во врска со тоа. Јас се залагам за тоа во Законот да. стои и кон поимот "вкупно население" да се припон и точката 6 од проста причина што сметам дека на таков начин ќе се дојде до едно теоретско - практично решение за поимот "вкупно население". Впрочем и вака како што е решено со Предлог - законот, до тој податок ќе може да се дојде , ќе биде тоа изведуван податок, меѓутоа, јас мислам со оглед на потребата од децидно решавање на проблемот на поимот "вкупно население" и кон членот 4 што помина , а и кон членот 38 во самиот меѓу наслов да се додаде и точката 6. Доколку се стекне разбирање за потребата од попрецизно дефинирање на вкупното население, јас сметам дека ќе дојдеме до валиден податок за споредување со поранешните пописи.

X/7.-

Зашто, во поранешните пописи во вкупното население влегуваа и граѓани кои што времено или подолго време отсуствуваа од земјата. А сега, доколку категоријата граѓани кои што повеќе од една година, а со статус на државјани на РМ, се отсутни од РМ и како такви се попишуваат одделно, а не се прикажуваат во вкупното население, сметам дека ќе имам еден податок што нема да биде споредлив. Значи за споредување стои еден важен прицип во статистиката за да се дојде до одредени сознанија. Па незуависно од судбината, јас пред- лагам сепак тоа што го пропуштивме во врска со ставот 4 на член 4 еве прилика , гласајќи за амандманот кон член 38 на некој начин да се исправиме. Ве молам во таа смисла да гласаме за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

Осумнаесет пратеници гласаа за амандманот.

Кој е против, молам, да крене рака?

Педесет и три пратеници гласаа против амандманот.

Дали некој се воздржува од гласање?

Двајца се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38, став 1, точка 1, поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Х/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 38, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот на г-динот Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 38, став 1, под- несен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа. Образложението е дека документите се во функција на обезбедување на точни податоци од пописот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

Шеснаесет пратеници гласаа за.

Кој е против, молам да крене рака.

Педесет и два пратеника гласаа против амандманот.

Дали некој се воздржува од гласање?

Двајца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 став 1, поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садик

X/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 40, став 1 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Амандманот на господинот Исмет Рамадани Владата не го прифаќа. Причините се дека со овој закон не може да се врши вработување на лица на неопределено време. Тоа може да се прави според законот за работни односи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во врска со амандманот претставникот на Владата не се искажа до крај. Во истиот амандман јас барам во членот 40, став 1 зборовите "може да" да се бришат и по зборот "определено" , да се додадат зборовите "и неопределено". Пошто амандманот беше во комисиска процедура и јас од повереникот на Владата го прифатив тоа, дека за неопределено време постои друг закон , односно законот за работни односи , тогаш ќе бидат примени стручњаци, т.е. кандидати да се вработат во Републичкиот завод, барам во првиот дел од амандманот, значи , наместо зборовите "може да" односно тие зборови, да се бришат и да стои само во член 40 "да вработува лица на определено време, а најдолго до 31.XII. 199 6 година." Мислам дека тој договор е веќе направен и е разговарано доста во врска со тоа. И без тоа "да" може да биде попотврдно, значи да се вработуваат лица на определено време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака?. (21) Кој е против, молам да крене рака? (54) Дали некој се воздржува од гласање? (никој) Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 40 став 1 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 2 и 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифати овој амандман. Образложението дека е за идентификацијата на лицата важе важечката лична карта, значи и старата, а државјанството и изборот го утврдува Републичкиот завод за статистика:

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?. (20)

Кој е против, молам да крене рака? (45)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 41 став 2 и 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 поднесен од пратеникот Шабан Превала и Агим Фазлиу.

Има збор г-динот Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Бидејќи не помина амандинот во врска со член 10 став 1 го повлекувам овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 4 и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата д асе произнесе

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме Амандманот на Тодор Петров. Отворам претрес по амандманот на членот 43 став 2 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа и овој Амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 14 став 2 поднесен од Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 45 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа делот од Амандманот што се однесува на став 1, а не го прифаќа дел од амандманот на став 2.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали предлагачот останува на став 2?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Петров го повлекува делот од амандманот на ставот 2.

Отворам претрес по Амандманот на член 46 став 2 поднесе од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Молам кој бара збор? (никој)

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Предлагам сепак да се прошири бројот на лицата што ќе бидат опфатени на Комисијата за надгледување и заштита на личните податоци од пописот на Комисијата што ќе ја формира Собранието, во смисла на тоа бројката 4 да се замени со бројот 6 а бројката 2 со бројот 3.

Со тоа сакаме да помогнеме таа Комисија да биде поцелосна да бидат опфатени побројните националности, а и да се создадат услови да се опфатат и припадници на националностите што се застапени со помал број во РМ. Значи целта ми е да се дојде до една попрактична комисија, по сеопфатна која што би работела по нормално. Затоа молиме да гласате по овој амандман.

Дали уште некој бара збор ?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?. (22)

Кој е против, молам да крене рака? (52)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 46 став 2 поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници ќе ве потсетам дека во глава IX од овој Закон стои дека тука се работи за користење, чување и заштита на податоци од попис. Значи, еден многу важен дел, фактички едно финале од пописот каде што ќе бидат вреднувани резултатите и ќе се чува нивна тајност. Сега да не повторувам што нуди секој член.

Јас на овој член имам амандман. Прво, јас ќе го прочитам членот за да биде јасно.

Член 46 вели: - за надгледување за заштита на лични податоци од пописот Собранието на РМ именува посебна комисија.

Комисијата од став 1 е составена од претседател и 4 члена од кој

двајца од припадноста на националностите што најмногу се застапени во РМ според пописот од 1991 година. Претседателот и членовите на Комисијата се избираат од истакнати универзитетски професори по прави науки, претседател и еден член, судии 1 член и други истакнати научни и стручни работници 2 члена.

Амандманот ги нуди следните измени:

Во член 46 став 2 каде што зборуваме за состав на комисија предлагам бројот 4 да се замени со број 7 а бројот 2 да се замени со бројот 5.

Зборовите "што се најмногу застапени во РМ според пописот од 1991 година" се заменуваат со зборови "согласно член 22 став 3 на овој Закон".

Во што е суштината на овој амандман. Имаме една првна комисија на овие два члена.

Во член 22 стои, во ставот 4 дека во составот на републичка пописна комисија се именуваат најмалку 5 члена од припадници на различни националности што живеат во РМ . Значи овде имаме една ширина, задоволена е демократичноста, не е во колизија со член 9 од Уставот кој нуди рамноправност без разлика националност, вероисповест, итн. значи сите националности се наброени има претставник и од српкска националност, а овде во глава IX каде се зборува за користење, чување и заштита на податоци од пописот, што исто така е многу важен дел од овој закон правиме една уставна нерамноправност и само на двајца припадници на националности кои евентуално најмногубројни според пописот од 1991 година, само тие ќе имаат претставници во Комисија каде фактички ќе се вреднува пописот, ќе се чуваат документите од пописот, ќе има заштита на тие податоци, а нема претставници од сите оние националност кои се наведени во член 22. Според тоа од што ќе раководел предлагачот не ми е јасно. Јас не сум правник меѓутоа овде имаме една првна коалиција. Значи ако вака

даваме право во поважна комисија, Републичка пописна комисија даваме членови до сите националности, овде немаме претставници од српска националност, од влашка, од ромска најверојатно. Според тоа не е во согласност со Уставот, по член 9. Според тоа ќе молам предлагачот тоа да го уважи бидејќи има резон.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

За мене пред се амандманот поднесен од пратеникот Владимир Митевски е неприфатлив од причина што го негира пописот од 1991 година она што го чинат и претставниците во ова Собрание, пратениците од партијата ПДП.

Јас му сугерирал да го повлече овој амандман . Ако не го повлече ќе си помислам дека навистина цело време во еден договор со пратениците од ПДП.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Нашиот почитуван таканаречен правник јас очекував ќе се изјасни за она што фактички амандманот го предлага, дали во таа комисија треба да има претставници од сите националности, како што нуди член 22 од овој Закон, или само претставници од две националности Според тоа тука сигурно ќе има претставник од ПДП. З-начи тој е фактички со ПДП. Значи ПДП бидејќи се најбројни ќе имаат претставник и не знам која друга националност, а другите ќе немаат. Според тоа не знам кој дава поддршка на ПДП.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас мислам дека сите пратеници беа сведоци кој со кого гласа. За сите ваши амандмани ПДП гласаше и обратно.

Ве молам немојте од говорницата еден со друг да се објаснувате, нешто ќе си кажете и надвор, а овде само за амандманот и појаснување за ставот и по амандманот.

Дали уште некој бара збор?

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Молам предлагачот да се произнесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам вие седете си, тој ако сака ќе се јави. Не е тоа пратеничко прашање,. секој кој сака си се јавува за збор.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8)

Молам кој е против? (61)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот по член 46 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

XI/8.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Повлечен е амандманот уште во комисиската расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 1 и за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 52 поднесен од ЗПК.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?. (19)

Кој е против, молам да крене рака?(55)

Дали некој се воздржува од гласање ? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за бришење на член 52 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 алинеја 1 поднесен од пратениците: Авди Муртезани и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа Амандманот со образложение дека не е прифатен ни амандманот 15 поднесен од истите пратеници.

**АВДИ МУТЕЗАНИ;**

Поднесениот амандман е од причина што може без вина на граѓаните лидата кои се попишуваат да немаат лични документи а сакаат да ги имаат и да ги прибават. Во тој случај останува обврска на Владата која треба да овозможи да им, се издадат лични документи на граѓаните. Меѓутоа, ако не е во можнсот тоа да го направи не би било пожелно за оваа работа да се казнат граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?. (22)

Молам кој е против да крене рака? (47)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54 став 1, алинеја 1 поднесен од пратениците Авди Муртезани и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1, за дода- вање нова алинеја 8, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, 2 и 3, поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам; претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Сега навистина нема смисла да прашувам кој е против и кој е воздржан.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1, 2 и 3, поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на законот го ставам....а, за збор се јави г-динот Стефковски.

Го заклучувам претресот, нема по претресот ништо.

Г-динот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОЈЗСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед дека претресот по законот заврши, со оглед на фактот на сите ви е познато како минаа амандмани- те на ВМРО-ДПМНЕ затоа пред гласањето барам уште 30 минути пауза за договор за гласање по целиот закон. Тоа значи дека барам пауза од 30 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, 30 минути пауза. Во 19,10 часот ќе утврдиме точен број на присутни, немојте да се растурате никој од овде, ќе продолжи- ме, да завршиме со законот.

(Седницата прекина со работа во 18,37 часот).

(Седницата продолжи со работа во 19,08 часот).

Ги молам пратениците да си седнат на своите места.

Продолжуваме со работа.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Господинот Стојков бара збор да каже како ќе гласа, бидејќи предлогот е ставен на гласање.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Го користам Деловникот.

Почитувани пратеници, бидејќи се изјаснивме повеќето во своите дискусии дека несомнено е потребен еден ваков закон, односно спроведување на попис во 199 4 година, пред се од причини што имаме пребројување на населението во Република Македонија каде излегуваат некои бројки кои не соодветствуваат со вистинската состојба и пред се од тие причини јас и претходно се искажав дека го поддржувам Предлогот на закон, меѓутоа, мора да бидеме принципиелни и по неприфаќањето особено на амандманот што група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ го имаше поднесе- но на членот 35 каде предлагавме да се почитува Уставот на Република Македонија, односно членот 7 став 1 од тој Устав и по едно вакво не- прифаќање од страна на коалицијата во ова Собрание која е фактички со поднесувач на овој закон, за мене не преостанува ништо друго, без разлика што ќе биде инпутирано, колкава е важноста на овој закон, меѓутоа пред се мислам во оваа држава мора да се почитува највисокиот акт, тоа е Уставот, односно сите закони, па и во ова Собрание Деловникот однос но сите прописи.

Оваа држава очигледно е дека полека и полека оној атрибут што сите се стремиме кон тоа да биде правна држава, а правна држава не е само имање на закони, туку почитување на законите, на одредбите од тие закони, очигледно е дека оваа Влада, оваа коалиција безброј пати го прекрши Уставот, меѓутоа, и поголем број закони, а за Уставот сме сведоци расправаше и Уставниот суд, па од тие причини пред се од причините што моето лично мислење во согласност со Уставот на Република Македонија дека пописот единствено може да се изврши во оваа македонска држава на службениот јазик, а тоа е македонскиот и неговото кирилично писмо ние предлагавме една солуција да најдеме компромис дека сепак сакавме да имаме некој компромис - преведувачи согласно решението на повеќето демократски држави, но за жал не го прифативте тој амандман, па не ни преостанува ништо друго, туку за овој

закон попис мора да има за да се знае еднаш во оваа држава кои сме, колку сме, што сме за да нема манипулации пред се од нашите непријатели кои не опкружуваат, меѓутоа иако таа класификација веќе отпадна таканаречени внатрешни непријатели како идеолошка одредница не постои, но очигледно е дека имаме и од внатре некои непријатели во оваа држава зашто прикажувањето еден милион односно милион и двесте одредено малцинство дека го има сепак тоа е еден непријателски чин во оваа држава и не ми преостанува ништо друго туку со жал да констатирам дека мора да бидам воздржан при донесувањето на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, сакам да кажам зошто не го прифаќам и ќе гласам ваквиот попис од причини што досегашната игра на коалиција- та и ПДП со трите партии, оваа маневра што ја прават е неизводлива со тоа што ако ПДП гласа"против овој закон нема да му се удоволи барањето двата уставни судии да бидат избрани и плус во телевизијата и другите заменици директори.

Амандманите што беа до сега тука тоа беше една маневра ѓоа еве пред јавноста се кажува дека Владата иако поднесе толку амандмани не ги прифативме, тоа беше таква игра за да се дојде до последната цел да се гласа заедно со нив, а потоа да се изгласа за радиото и за двајцата уставни судии што ги нуди Владата.

Понатаму, иако Владата сама кажа дека членот 38 е повреден, а најголемата повреда е на членот 35 и со образложение за тоа дека не го прифаќа, јас не можам да гласам за ваков попис на шест јазици и не можам односно немам такво овластување од изборната единица и ќе гласам против.

Господинот Халили сака да објасни како ќе гласа и зошто та- ка ќе гласа. Тоа му е деловничко право, имате секој пет минути кој по тој повод зема збор.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници иако имавме доста забелешки по текстот на законот и со оглед на фактот дека Владата не најде за сходно ни една од тие забелешки да ги прифати, без оглед на неподготвеноста на Владата да отвориме расправа за некои практични проблеми, пратеничката група на ПДП ќе гласа за законот со оглед на фактот дека заложбата на Советот на Европа што се вклопува и со нашите заложби е дека на Република Македонија и е потребен еден објективен и сеопфатен попис на населението.

Пратеничката група на ПДП смета дека Владата не ги извршила претходните подготовки за практично спроведување на содржината на текстот на законот и сметаме дека за преостанатото време ќе смогне .сили тоа да го стори.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници јас со своите амандмани се обидов да ја претставам волјата на изборната база. Ги слушнавте моите амандмани но не добив поддршка на ниеден амандман и како претставник на таа националност нема да му дадам виза на овој закон, ќе останам воздржан.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници во целиот тек од донесување на законот пратеничката група беше доста конструктивна, сакаше во секој случај да придонесе законот да биде многу поквалитетен, посодржаен и да биде одраз на вистинските барања изнесени преку амандманите и покрај сите

залагања тој да биде одраз на објективните состојби што ги има во Република Македонија и за тоа беше изнесено дека ќе гласаме за законот и јас и покрај сите недостатоци и невозможности тој да биде прифатен по сите наши барања, ќе гласам за законот. Но, не гласам за законот за што беше изнесено дека имаме договор да имаме двајца судии во Уставниот суд. Додека има Албанци во Македонија ќе има и судии во Уставниот суд, ќе има судии и во Врховниот суд, ќе има генерални директори и заменици генерални директори, ќе има пратеници, ќе има министри, ќе има и во Владата и во секоја институција и не може да се одбегне отсуството на Албанците во било која институција во Република Македонија Само тогаш ќе обезбедиме навистина единство и демократичност во односите, во создавањето на политиката и политика и социјала и економски развој и просперитет на сите кои живеат во Република Македонија. Од тие причини ќе гласаме за законот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека многу голема расправа водевме по овој закон не само денеска, туку цел месец, изгубивме драгоцено време за да донесеме низа други закони кои исклучиво го регулираат прашањето и на економски и на социјален развој на државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам кажете само како ќе гласате за законот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ќе кажам и за тоа. Меѓутоа, морам да признам дека од една ваква хетерогена структура на пратеници кои се присутни и желбите на многу пратенички групи во однос на исполнувањето на нивните желби, мислам дека Владата направи напори да направи еден извонреден компромис и да предложи еден закон (пратениците аплаудираат) кој е на задоволство

на сите граѓани на Република Македонија. Верувајте дека во никој случај Владата не би можела да направи некој идеален закон за да ги задоволи сите пратенички групи заради тоа што ние најразлично размислуваме. Во таа смисла јас го прифаќам законот и ќе гласам за законот.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, правната регулатива на членот 35 од овој закон, длабоко сум убеден дека е спротивна на Уставот. Без разлика што пописот можеби има некакво значење и е битно за Македонија, сепак мојата совест не би ми дозволила да гласам за еден закон кој во себе содржи противуставни одредби и сметам дека овој Парламент не би смеел да го крши Уставот кој Парламентот го донел.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Очигледно дека амандманската расправа покажа дека во нашиот Парламент не владее силата на аргументите, тука очигледно најважен аргумент е силата однос- но бројот на гласовите кои ги има владеачката коалиција.

Излегов да кажам дека совеста не ми наложува да Поддржам закон кој длабоко во себе содржи неуставни решенија. Ние го гласавме уставот, неговиот граѓански модел и сметам дека секој што ги почитува законите во оваа држава, секој што се залага за владеење на правото во оваа држава не би требало да гласа и да го поддржи овој закон од две многу едноставни причини.

Како прво, со членот 35 мислам дека повторно се воведува едно ново, не за прв пат, кршење на Уставот од страна на актуелната Влада која воопшто нема такви уставни ингеренции, но што е уште поважно се испоставува дека навистина би била точна онаа, ако се сеќаваат онаа

светска енциклопедија што ја имаше овде во ходниците пред неколку месеци, тоа е најновата енциклопедија од страна на САД и тогаш навистина бев изненаден кога видов дека под името БЈРМ, бидејќи таму така не имаат запишано, нормално со тоа не се согласувам, за официјални јазици, покрај сите други работи кои беа приложени за нашата Република, пишуваше дека официјални јазици во Република Македонија се албанскиот и македонскиот за што бев навистина изненаден, бидејќи во Уставот не донесовме таква одредба. На овој начин денеска, јас морам да ве предупредам, доколку го изгласаме овој закон со членот 35 воведуваме повеќе официјални јазици во нашата Република што значи дека Американците претходно знаеле односно биле информирани од некого од овде во Републиката дека ќе има повеќе официјални јазици во нашата држава. Со тоа не можам да се согласам дами и господа. Совеста не ми наложува и едноставно немам таков мандат да гласам против Уставот.

Второ, навистина сум непријатно изненаден од тоа што Европската Заедница преку своите експерти почнува да се става во заштита на престапници на законот. Познато е дека првиот попис кој беше спроведен на законски начин, одредена популациона група на повик на политичка партија која е сега во Владата го бојкотираше. Значи, Европската Заедница најдиректно се става во заштита на престапници на законот, а тие што беа лојални граѓани на Република Македонија ги доведува во ситуација да бидат казнети, бидејќи повторно треба да чекаат попишувачи во времето од 10 до 25 јули, така гласеше најновиот амандман на Владата, времето за одмори кое е предвидено, сите знаете, јас навистина сум непријатно изненаден од експертската група на Европската Заедница од проста причина што постојат норми во статистиката, во демографијата, а тие норми, сите кажуваат, светски прифатени норми дека време за спроведување на еден попис е 31 март – 15 април од проста причина што во тој временски интервал се најмали

тие миграциони движења кај населението. Очигледно дека кај нас е потребен попис не од оние причини што навистина и се потребни на статистиката за тие развојни планирања и да не навлегуваме во тие работи, кај нас е потребен пописот исклучи- во само од една причина - националното пребројување. Очигледно дека некои водачи на одредени етнички групи во Македонија мислат дека со поголема искажана бројка на нивниот етнички колективитет ќе се здобијат со повеќе права за својата етничка група, што мислам дека длабоко на тој начин се руши граѓанскиот концепт на Уставот, дека одредени поединци, согласно својата припадност на одреден етнички колективитет се надеваат дека ќе заземат одредено место во државата.

Доколку е потребно едно национално пребројување постојат норми, постојат примери, еве примерот со Турција ако треба за два дена ќе воведеме луѓето да седат во домовите и едноставно самнационал но да бидат попишани.

Повторувам, кршењето на членот 35 мислам на членот 7 од Уставот со членот 35 од законот и нестандардноста во екот на одморите да се врши попис, тоа се коси со сите светски норми.

Од тие причини јас ќе се воздржам од гласање за ваков закон

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, слушајќи ги колегите кој како кажува дали ќе гласа за овој закон или не, верувајте многу ми е тешко за ова што станав овде да зборувам, само ќе ви кажам едно две три реченици поопширни. Мислам дека овој закон е од општ интерес за Република Македонија. И ако сите наши интереси ги гледаме внатре во интересите на Република Македонија, тогаш не треба да ве плаши ништо, освен една подалечна визија за едно граѓанско општество, без присуство на асимилаторски влијанија и дејствија, без присуство на надмоќ на една и друга страна. Ако своите интереси ги натуриме врз интересите на оваа мала државичка, тогаш ние не ќе можеме да опстанеме како држава. И во името на интересот на државата и мирот што досега го имавме, ве повикувам да се откажете од вашите намери за негласање на овој закон. Овој закон за нас е голема работа и голема победа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам овде ни еден пратеник нема право другите пратеници да ги повикува и наговара како ќе гласаат. Си кажува само аргументи како ќе гласа сам.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, не сакам да коментирам дали е уставно или не е уставно, но моето гласање ќе биде јасно против, бидејќи сметам дека со донесување на ваков закон званично се легализира двојазичноста или повеќејазичноста во сегментот на системот на образованието. Јас мислам со донесување на овој закон факт е дека масовно ќе се помине по водењето на евиденцијата на повеќе јазици.

Тоа е првиот чекор што е постигнат со вака донесениот закон.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Пред да се изјаснам како ќе гласам јас мислам и мојата пратеничка група сакам да кажам неколку збора. Во изминатиот период од последниот попис, нашиот Републички завод за статистика беше изложен на неверојатен притисок во врска со нивното експертско работење. Имаше доволно сили да ги одбие сите притисоци или да докаже дека имаме доволно силни експерти кои се носат со знаењето на европските експерти и да успееме да воспоставиме една рамнотежа на односите за да сега денеска сме пред чин на гласање, дефинитивно да ги отфрлиме сите оние сомневања кој некој сакаше да ги изрази во изминатиот период, особено со енормно зголемување на броевите од разни причини и сме сега во ситуација да покажеме дека сепак во оваа држава живеат Македонци. Инаку ако ги погледнавме бројките кој секој сакаше да ги спомне во своите наводоно политички наддавања, сметам дека дефинитивно сакаме да застанеме, јас верувам и многу од вас на страната на вистината за да можеме дефинитивно да покажеме пред Европа дека сме сериозна држава особено по приемот во ОН каде што навистина дојдовме во ситуација да лицитираме, за жал, и внатрешни и надворешни лицитирања во врска со опстојувањето на Република Македонија по повод нејзините внатрешни пребројувања и сметам дека ова е момент кој не случајно и претседателот на Собранието искажа дека е од првостепено државно значење. Тоа оди во прилог на зајакнување на нашата држава ако успееме да се избориме за попис преку кои навистина ќе се покажат реалните бројки и дефинитивно да го симнеме оној чин на притисок кој сакаше да го наметне. Сметам дека ова е шанса преку која ние можеме тоа да го направиме.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас сакам да кажам зошто ќе гласам за донесување на овој закон. Има повеќе причини, меѓутоа би спомнал по моја оценка четири кои се основни. Прво, затоа што тој ќе биде попис во самостојна суверена, демократска Македонија.

Второ, затоа што овој момент е повеќе од потребен попис кој ќе ги отклони мегаломанските изливи на одредени субјекти со присутноста на националностите во вкупниот број на населението на нашата држава.'

Трето, затоа што трошоците за пописот нема да бидат на товар на граѓаните на Република Македонија и четврто секој најнов податок за состојбите кои ќе се попишуваат секако се добродојдени и според мене кога оваа операција не би била така скапа доби се согласил пописот да се прави почесто. Оттука велам дека за мене се овие основни причини кои ме наведуваат да гласам за пописот.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Јас накусо би сакал исто така да го искажам ставот ,на пратеничката група на СДС на Македонија по донесувањето на овој закон.

Ние како пратеничка група ќе гласаме за овој закон, бидејќи цениме дека претставува воедно и државен и национален интерес на Република Македонија.

Второ, она што го истакна мојот колега Ванчо Младенов сметаме дека е тоа прв закон во самостојна и суверена држава и како таков треба да се поддржи, трето, ќе гласаме за овој закон бидејќи ги респектираме меѓународните институции кои ни советуваат и вакви активности, да не сееме фобија и омраза према нивната работа. Гласам бидејќи можеби ќе ги поттикнеме и оние држави каде што живеат Македонци да имаат еден

ден ваква можност да се изјаснат како се чувствуваат. Ќе гласаме бидејќи веруваме во националната свест на македонцеот кој знае што е и кому припаѓа и према тоа тоа ќе биде уште еден доказ дека не постои криза на идентитетот на македонецот, за разлика од најразлични иницијатори и организатори на друштва за пријателства.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, колеги јас би сакал сепак да'се присетиме на тоа дека ова е последно лично изјаснување пред гласањето и дека настапи во име на пратеничката група не се предвидени, барем според деловникот. А мене ми е мило ако СДС е сериозен да биде соработлив па и со Европа. Точно е дека за овој закон од Европската унија не се врши пресија врз македонската држава, но, решенијата што се сега на изјаснување се едноставно импутирани од Владата. Чувме и тоа дека Заводот за статистика е на доволно високо стручно ниво да се носи со европските експерти, јас во тоа не сакам да се сомневам, но Заводот за статистика не може никако да се носи со силата, моќта, на Владата, па и на ова мнозинство тука во Парламентот. Жално е што токму претставниците на тој завод се принудени често и против своја воја да спроведуваат Тоа што Законот е во директна колизија со уставна норма, за мене е доволен повод да не можам да го поддржам. Независно од сите интенции, или како што се вели добри намери. Понатаму во расправата јас не добив тврди аргументи дека пописот ќе биде и спроведен. Освен тоа, за вака краток период со оглед на тоа што Парламентот не ја врши и својата контролна функција не е само да носи закони, туку не ја врши и контролната функција, мене ќе ми остане небулозно како ќе се спроведува овој закон. Само да ве потсетам

во развиени држави каде што држат до спроведување на правото, таму дури и настапот на националните селекции на олимписките игри се пропратени со парламентарна контрола на лице место. А ние, познато ни е во нашата држава суверена и мила македонска како пратеници колку многу вршиме контрола и врз буџето а и врз спроведување на законите. Огромен ризик е оваа влада да врши попис. Ако бевте сериозни и вие тогаш можеше уште при претходната да се направи дополнителен. Да не должиме ризикот си постои и понатаму ќе лебди јас заради тоа 'што и Владата не се потруди да даде доволно појаснувања и аргументи, нема да можам да гласам, а секоја чест на господата од Европскиот сосед кој во последниот ден од парламентарниот третман на Законот, сепак се сретнаа со претставници на мојата пратеничка група и сосем децидно е изнесено од нив дека политичките солуции што се вградени во Законот не се импутирани од Европа. Тоа е и избор на тукашните субјекти. А јас за тој избор не стојам.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе го искористам правото како ќе гласам. Како подносител на повеќе амандмани за овој закон за жал никој не мина само .еден, јасно дека предодредува како јас ќе гласам. Основната поента и смислата на овој закон беше токму членот 35 каде што имаме најсодржајна расправа. Меѓутоа во образложението што се даде во врска со членот 35 повикувањето беше дека решението што се нуди во законот е спротивно на Уставот. Јас како правник, јас како човек секогаш претпочитам дека државниот и националниот интерес на една држава најдобро се штити, ако се почитува Уставот. Кој може да тврди дека со кршење на Уставот се почитува националниот и државниот интерес на оваа држава. Мислам дека тоа е едно лицемерие искажано од оваа говорница.

Понатаму, јас сум исто така убеден дека решението на членот 35 не е плод и налог на експертната група на Европската унија чиј претставник е овде присутен. Решението во членот 35 е едноставно опструкција на Владата на Република Македонија. И мислам дека ова треба да се уважува и дека Европската унија секогаш ќе биде на расположение на една држава, но секогаш ќе цени и ќе поаѓа од фактот колку таа држава е способна самата да го почитува својот Устав. Оттука мислам и денешното нивно присуство ќе им даде една добра претстава дека навистина во оваа држава со цел да се зачуваат одредени позиции не се почитува Уставот. Сметам дека со ова што го искажав и само да дополнам дека на Република Македонија, на нејзиниот жители и се потребни големи и добри пријателства и друштва со сите соседни земји, не само кои што се граничат со Република Македонија и од подалечните земји. Ако некој наоѓа мана дека ова му се бендиса. Е ова друштво со одредена соседна земја, а со други не му се бендисува значи дека проблемот е кај него. ВМРО-ДПМНЕ и нејзиното членство и поготово граѓаните на Македонија не прават разлика и сметаат дека на Македонија треба да и бидат пријатели сите. ќе гласам против.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа, со овие изминати неколку дена, ја чувме сета вистина, а и доста невистини околу овој предлог на закон за попис на населението. Уште и во општиот претрес а посебно овие денови кога беше дискутирано по текстот, видовме колку имаше спротивставени амандмани поготово од нашата партија од ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, предлагачот, односно предлагачите на овој закон воопшто не најдоа ниеден момент да еден од поднесените амандмани бидат усвоени. Мислам дека не најдовме ниеден изговор дека се крши Уставот на Република Македонија донесен пред две ипол години освен госпоѓата Силјановска што спомна дека само се крши Уставот на член

38. Мислам дека тоа е безначајно во однос на кршење на Уставот на член 35 од овој предлог закон. Според тоа, ова ме наведува на тоа дека нема да гласам за овој закон, туку дека моето мнение ќе биде сосема поинакво. Тоа е едно и второ дека тие милион и деветстотини илјади еки што ќе бидат дадени за да се изврши овој попис, иако до ден денеска не се стигнати, иако се трошат пари за припрема на овој попис од буџетот, не ни дава право ни нас како парламентарци, а исто така дури помалку и на Владата да донесува некои делови од овој закон кој што се спротивни на Уставот на Република Македонија, точно на овој член 35 на Предлогот на законот. Мислам дека тука се прави стварно преседан на една мала врата да се внесат употребата на јазиците на националностите во Република Македонија. Мислам дека ова ќе има големи реперкусии во понатамошното донесуваше на закони било од која сфера од образованието, или пак да речеме кога ќе бидат донесени законите како што стои во Уставот на Република Македонија во однос на употребата на јазиците на националностите што треба да се донесе со посебен закон, односно со посебни закони. Според тоа, моето изјасно во однос на овој закон ќе биде спротивно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има друг кој ќе се јави за дискусија?(нема)

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (57)

Дали е некој против? (19)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за попис на населението, домаќинствата, становите, и земјоделските стопанства во 1994 година.

Со ова ние ќе престанеме со денешната работа. Утре во 10 часот продолжуваме со 75-тата седница.

(Седницата заврши во 19,45 часот)